C0БРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десеттата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 20 март 1991 годчна

Скопје, март 1991 година

10-та седница, 20.III.1991

дневниот ред се наоаѓа на стр.2


| ДИСКУТАНТ: | СТР: |
|---|---|
| СТОЈАН АНДОВ | 1 (ИЗБОР НА ВЛАДА), 81 |
| ТОДОР ПЕТРОВ | 2,47 |
| НИКОЛА КЉУСЕВ | 7,12(ЕКП03Е НА МАНДАТОРОТ НА ВЛАДАТА),79 |
| ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | 9 |
| БЕЈЗАТ МУГБИЛ | 10 |
| ШАБАН ПРЕВАЛА | 27 |
| МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 29 |
| НЕВЗАТ ХАЛИЛИ | 30,59 |
| КИРО ПОПОВСКИ | 32 |
| ЦВЕТАН ЈАВЧЕВСКИ | 35 |
| ЗОРАН КРСТЕВСКИ | 36(ПРИЛ0Г;ја нема стр.1) |
| СЛОБОДАН ИВАНОВСКИ | 42 |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 42 |
| МИХАИЛ ПАНОБСКИ | 44 |
| ПЕТАР ГОШЕВ | 49 |
| ЛАМБЕ АРНАУДОВ | 53 |
| ДУШКО ЃОРЃЕВСКИ | 56 |
| ФАИК АБДИ | 57 |
| НЕИМ СЕЛМАНИ | 60 |
| ЉУБИСАВ ИБАНОВ | 63 |
| СТЕФАНОВСКИ | 65 |
| ПАНЧЕ НАСЕВ | 66 |
| АНТЕ ПОПОВСКИ | 67 |
| РИСТО СТАМЕНОВ | 73 |
| НИКОЛА КРСТЕВСКИ | 76 |
| ЕШТРЕФ АЛИУ | 76 |
| ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 78 |

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десеттата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 20 март 1991 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на СРМ, сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Ги молам пратениците да си ги заземат своите места.

Почитувани гости, дами и господа пратеници.

Ја отворам Десеттата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Пратеникот Димитар Поповски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да преминеме со работа, дозволете ми од мое и од ваше име да ги поздравам претседателот на Социјалистичка Република Македонија и потпретседателот на претседателот на Социјалистичка Република Македонија, членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Македонија, претседателот, потпретседателите и членовите на Извршниот совет на Собранието на СРМ, претседателот на Уставниот суд на Македонија, членовите на Сојузниот извршен совет од Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот во Битола, командантите на Скопската армиски област и на територијалната одбрана на Македонија, лидерите на политички партии што учествуваа на првите повеќепартиски избори во Републиката, претседателот на Сојузот на самостојните синдикати на Македонија, претседателот на Стопанската комора на Македонија, претседателот на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОБ на Македонија, претседавачот на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, координаторот на делегатите од Социјалистичка Република Македонија  во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и поглаварите на верските заедници во Социјалистичка Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на дневниот ред

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на Влада на Социјалистичка Република Македонија;
2. Именување командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Бидејќи бев информиран дена оваа седница има свечен изборен карактер, бев во дилема дали да предложам, меѓутоа, бидејќи е предложена и втора точка на дневниот ред на самата седница, предлагам како трета точка да се стави - Разгледување на политичко-безбедносната состојба во земјата по најновите настани во Белград и Претседателството во Југославија, а во рамките на тоа, членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ да поднесе информација и свои ставови по однос на настанатата ситуација претседателот на Републиката.

Како последна точка од дневниот ред - Информација за протерувањето на вице конзулот од Солун и изјавата на Владата во Атина по повод поставувањето на конзул од СР Македонија во Солун.

СТОЈАН АНДОВ:

Да дадам едно известување. Оваа седница навистина има свечен карактер, втората точка е во рамките на таа седница затоа што именување на командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита се утврдува на истата седница кога се избира нова Влада затоа што со изборот на новата Влада му престанува мандатот и на командантот на Републичкиот штаб за цивилна заштита, а во тоа не смее да има прекин.

Предлозите што ги дава господин Петров сакам да ве известам дека сме во непрекиден контакт со претседателот на Републиката и членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ околу безбедносната ситуација и оти имаме две околности заради кои намеравам да закажам седница по тие настани и тоа прво денешната седница на Собранието на Србија на која ќе дојде до појасна счтуацчја, а исто така утрешната седница на Претседателството на СФРЈ. Мислам дека по тие два настани ќе имаме многу појасна претстава за општата состојба и токму така намерававме тогаш да поднесе информација и претседателот на Републиката и членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија. Тогаш би имале евентуално расправа, до колку оцениме дека треба да имаме расправа.

Оттаму предлагам да не расправаме по овие предлози денеска и да не ги ставаме на дневен ред, туку моето информирање да се прифати.

Што се однесува до протерувањето на вице конзулот од Грција предлагам новата Влада да процени дали е од така итен карактер веднаш да се гледа или како посебна точка новата Влада до колку ја избереме или постојната ако не избереме нова компетентно да проценат и да настапи овде со предлог дали да се гледа или да не се гледа. Ако е нужна информација може да се достави до пратениците да не мора да имаме седница и да водиме претрес за тоа. Треба многу добро да се процени дали треба да се трауматизираме и да правиме драми.

Дали се прифаќа ова објаснување и дали пратеникот Петров го прифаќа?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Барам да биде прецизиран терминот за свикување на седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам во согласност со исходот на овие два настани да го одбереме моментот, да ни се даде толку доверба да утврдиме кога ќе биде.

Дали може така? (Може).

Веројатно таа наша седница ќе треба да биде во функција на подготовките на нашите сега делегати, а дел од нив можеби ќе бидат и пратеници во Сојузното собрание, бидејќи се очекува и таму да се обави разгледување на целата ситуација. Сите тие работи ќе ги имаме предвид и ќе се закаже седница, тоа ќе биде сигурно посебна седница.

Добро, ако на овој начин се договоривме, предлагам сега да минеме понатаму со работа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред.

Избор на Влада на Социјалистичка Република Македонија.

Изборот на Владата на Социјалистичка Република Македонија се врши според постапка утврдена според постапка утврдена во Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија и Привремениот деловник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Претседателот на Социјалистичка Република Македонија го прелдожи проф. д-р Никола Кљусев за кандидат за претседател на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

Кандидатот за претседател на Владата поднесе предлог за состав на Владата, кој ви е доставен, заедно со биографските податоци за кандидатите за состав на Владата.

Според тоа, кандидати за состав на Владата се:

1. Проф. д-р Никола Кљусев, за претседател на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

2. Д-р Блаже Ристовски, за потпретседател на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

3. Јован Андонов, за потпретседател на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

4. Д-р Беќир Жута, за потпретседател на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

5. Д-р Ристо Дамјановски за министер кој ќе раководи со Министерството за народна одбрана.

6. Јордан Мијалков, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи.

7. М-р Ѓорѓи Наумов, за министер кој ќе раководи со Министерството за правосудство и управа.

8. Д-р Денко Малевски, за министер кој ќе раководи со Министерството

за односи со странство.

9. М-р Методија Тошевски за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии.

10. Стојан Трајановски, за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство.

11. Д-р Гоце Петрески, за министер кој ќе раководи со Министерството за развој.

12. Д-р Александар Лепавцев, за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

13. Д-р Иван Ангелов, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

14. Илијаз Сабриу, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика.

15. Д-р Димитар Димитров, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура.

16. Акад. д-р Ѓорѓи Ефремов, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука.

17. Д-р Цветан Грозданов, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура.

18. Д-р Перко Колевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

19. Мартин Треневски, за министер кој ќе раководи со Министерството за информации.

20. Д-р Јане Миљовски, за член на Владата на Социјалистичка Републка Македонија.

21. Илија Андонов-Ченто, за член на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

22. Д-р Љубомир Фрчковски, за член на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

23. М-р Тоска Алајдин, за член на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

Предлогот за состав на Владата ќе го образложи кандидатот за претседател на Владата проф. д-р Никола Кљусев.

Му давам збор на проф. д-р Никола Кљусев.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Почитуван претседател на Социјалистичка Република Македонија, почитуван претседател и потпретседатели на Македонскиот парламент, почитувани пратеници и гости.

Имав пријатно задоволство да ви го предложам списокот на новите членови на Македонската влада тргнувајќи од размисли, ставови и сопствени критериуми во какво состав и каков профил на личности треба да влезат во новата Македонска влада во духот на предлогот кој го даде претседателот на Републиката тоа да биде експертна Влада, тргнав од гледиштето дека, пред се, тоа треба да бидат личности кои со своето знаење, умеење, со опусот на своите трудови, со волјата и љубовта кон ангажманите кои ќе ги превземат да бидат луѓе инспиративни, креативни, да не се убедуваат да создаваат кофликтна состојба, луѓе кои ќе покренуваат иницијативи, кои ќе наметнуваат

нови идеи, нови сугестии, кои ќе ги следат научните достигнувања во светот и кои ќе ги разбираат тековните тешки проблеми на Македонија, луѓе исполнети со дух и содржина.

Тргнувајќи од таквите сваќања, имав пријатно задоволство огромен број на стручњаци од праксата и научни работници од Универзитетот, Академијата, институтите и другите општествени дејности сесрдно да се придружат на мојата покана давајќи целосна поддршка. Меѓутоа, кога го видов бројот на министерствата, па оттука искушение на мандаторот кого да избере од мноштвото луѓе кои искажаа желба, а се вредни творци и инспиратори и тогаш остана на моја совест да го предложам овој список.

Имав контакти и со претставниците на партиите кои искажаа желба да разменат мислења со мене. Бев пријатно изненаден дека сите се мошне толерантни без секаква пресија се однесуваа кон моето гледање на идната влада и, пред се, кон мојот критериум да не може да биде член на Владата човек кој што е во потесните партиски тела, членови на претседателства, управни одбори, централни комитети. Тоа е од разбирливи причини затоа што оваа Влада е пред се надпартиска.

Го имав и тоа задоволство од 23 членови предложени за Владата само два члена изјавија дека членуваат во одделни свои организации. Сите други 21 изјавија дека не припаѓаат на ниедна партија. Минатото носеше со себе и отиде пред нас е иднината, нивните изјави ги земаме како достојанствени и ги прифатив.

Понатаму, во новата Влада мојот став е политичките и идеиолошки определби не можат да бидат предмет на надметнување во работата над Владата. Секој има право по работата, по работното време да се занимава со спорт, со религија, со партија, внатре во работата на Владата достоинствено и честито одано и стручно мора да се однесува кон интересот на својот ресор и интересот на суверена Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес.
Молам, кој бара збор?
Има збор пратеникот Томислав Стефковски.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе го соопштам ставот на ВМРО-ДПМНЕ за експертната влада.

ВМРО-ДПМНЕ ценејќи ја, пред се, стручноста и квалитетите на понудениот состав, мора и овој пат да истакне дека останува на својот почетен став, а тоа е дека Влада на експерти во принцип не прифаќа. За разлика од СКМ-ПДП или Сојузот на реформските сили, кои со голема помош на средствата за јавно информирање од самиот почеток бараа Влада на експерти. Сметаме дека Владата на експерти е Влада за која никоја партија не одговара, а за тоа ниеден избирач не ги овластил партиите дека Владата на експерти е Влада која на одреден начин ги суспендира изборните резултати и гласот на

народот и дека Владата на експерти може да биде место на задкулисни игри, интриги и партиски интереси.

Во оваа прилика не можеме уште еднаш а да не потцртаме дека ВМРО-ДПМНЕ во сите договори влезе чесно и со искреност и сите договори ги почитуваше, а беше подмолно изигран во сите тие договарања.

Македонија беше парализирана повеќе од 2 месеци. Македонија, политички и економски, беше мртва, на што кумуваа и највисоките новоизбрани личности на Македонија. Политичките сплетки со прекршување на Уставот и сите законски норми, кои се водеа со цел да се минимизира улогата на ВМРО-ДПМНЕ а на сметка на Македонија оставаме да го оценува историјата.

Но ВМРО-ДПМНЕ како свесен фактор за трагичноста на актуелниот миг на распаѓањето на Југославија и стопанската катастрофа и исчекувањето на македонскиот народ од новата Влада ги ослободува од партиска одговорност стручните лица од нејзините редови, а пратениците ги ослободува од партиска одговорност и ги повикува да гласаат по сопствена совест.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?
Има збор господин Бејзат Мугбил.

БЕЈЗАТ МУГБИЛ:

Почитуван претседателе на Републиката, почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници.

Се јавувам во името на Делократскиот сојуз на Турците, а можам да кажам и во името на голем дел од граѓаните на оваа народност и по задолжение чувствувам обврска да ви го соопштам следното.

Познато ви е дека после повеќепартиските избори, претставниците на турската народност не се избрани во ова Собрание, а може да се каже дека за прв пат после конституирањето на Македонскта Република оваа народност не е претставена во ова Собрание. Тоа е случај и во поголем број општински собранија каде што живее турското население. Причините се повеќе страни, а веруваме дека и изборните закони во голема мера влијаеа за ваквата состојба, и покрај нашето инсистирање да се има предвид положбата на турската народност во Републиката.

Морам пред вас да истакнам дека непостоењето на претставници на турската народност, посебно во републичкото собрание, оваа народност го прими со голем степен на незадоволство и резигрираност. Оваа состојба наиде на неодобрување кај пошироката македонска јавност, како и надвор од неа. Очигледно стана дека со воведувањето на многупартиската парламентарна демократија турската народност како колективитет, така и граѓаните на оваа народност се лишија од положба на политички субјект, заедно со другите граѓани, македонскиот народ и народностите да влијаат на утврдувањето и остварувањето на својата вкупна општествена и политичка положба.

Најнапред сакам да го изразам нашето задоволство што денес имаме предлог од мандаторот за формирање на Првата влада на многупартиското македонско собрание. Меѓутоа, со предлогот на мандаторот на Македонската влада повторно се сретнуваме со состојба, во која мандаторот на новата Влада не наоѓа политичка целесообразност, ниту пак овој предлог има потребен

респект спрема важечката уставна определба, во составот на идната Влада, да има и припадник на турската народност.

При сето ова сметаме дека не е занемарлив и меѓународниот аспект на ова прашање. Во овој правец не се направени некои напори да се предложи соодветна личност.

Покрај залагањето на претседателот на Републиката да се формира стручна Влада, истакнувам дека и меѓу припадниците нас турската народност со добра волја можеа да се најдат доволен број кандидати за одделните области, кои можеа да ги задоволат и критериумите на мандаторот.

Демократскиот сојуз на турците смета дека во овој многупартиски амбиент, со својата програмска активност и практично делување, во голем степен ги изразува и виталните интереси на турската народност во Републиката. Од тука ќе е во положба да понуди предлози на кандидати кои би биле најсоодветни на нивните функции. Поради тоа бевме и понатаму остануваме отворени за соработка со мандаторот и на ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ:

Повторно му давам збор на мандаторот проф.д-р Никола Кљусев.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Ќе се учиме на процедури и протокол. Јас ви ги изнесов видувањата за составот на новата Влада.

Почитувани пратеници, дозволете да го изнесам и видувањето на новата Влада за ангажманите кои ги преземе во својот, доколку биде избрана, мандатен период.
(Чита - прилог).

Д-Р НИКОЛА КЉУСЕВ,
МАНДАТОР НА МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА

ЕМБАРГО ДО ЧИТАЊЕ

# ПРИСТАПНА РЕЧ

пред пратениците во Парламентот на
СРМ на седницата  што ќе се одржи
на 20 март 1991 година

Скопје, март 1991 година

# ЕКСПОЗЕ НА МАНДАТОРОТ НА ВЛАДАТА

## I

Исправени пред судбината на својот народ во овој историски миг, длабоко проникнува желбата и недвосмислената определба за изградување на суверена македонска држава со сите нужни механизми на правен, економски и политички систем врз радикално нови определби, за разлика од постојниот неделотворен и економско-политички нефункционален систем кој се напушта.

Тој процес на промени и големи општествени мутации не е специфичен само kaj нас. Тоа е широк процес на транзиција во сите источноевропски земји и врз таа основа изградување на нова стратегија и нова филозофија на општествено-економско уредувавање.

Иако тој процес е општоевропски, сепак, кај нас во СРМ се манифестира со изразито стихијно, би рекле разурнувачко дејство врз економското и социјалното битисување. Тој процес паралелно се одвива веќе 10 години во изразита стопанска и технолошка стагнација, од една страна, и висок емотивен национален набој во сферата на политиката, од друга. Тие премини се рефлектираат и во структурата на светската економска, политичка и воена моќ и врз таа основа изменетата стратегиска слика на светот. Прашањата на мирот и безбедноста стануваат мошне непредвидливи, внесуваат нови моменти во содржината на стратегијата на доминација на сила, актуелизирајќи го на тој начин прашањето за глобалната безбедност на секоја држава и народ воопшто во Европа и на Балканот.

Посебно кај нас, тоа прашање добива извонредно значење, со оглед на специфичните услови на нашето окружување со незаситени апетити кон македонскиот национален и територијален интегритет.

Во интеграцијата со Европа, во чии што темели е вградена слободата на секој поединец, слобода сфатена како збир на политички, економски и национални права, ја гледаме својата иднина и иднината на Балканот. Тоа е патот зад себе да ја имаме Европа и светот во борбата за националните права на Македонците во соседните земји.

Со она што на планот на заштитата на националните права на човекот, сите ние заедно,независно од националната припадност во Македонија сме го направиле, треба да се гордееме.

Тоа е нашата меѓународна легитимација и кога бараме правата на човекот да се почитуваат од сите на овој наш Балкански простор, зашто во тој поглед токму ние во Македонија најмногу сме сториле.

Меѓународно осведочените критериуми за заштитата на правата на човекот во Македонија ќе бидат трајна грижа на Владата.

Најновите внатрешни потреси во Југославија ова прашање уште повеќе го усложнуваат. Владата енергично ќе се залага за разрешување на југословенската политичка криза по демократски мирен пат и дијалог, без употреба на воена сила, преку слободното изразуваше на различните политички и национални интереси на секоја република и изнаоѓање на минимум услови за заеднички живот, прифатливи за сите суверени држави во идната југословенска заедница. Сепак, во такви услови Македонскиот парламент донесе два извонредно важни документа од историско значење:

Декларацијата за самостојна суверена македонска држава и Платформата за преговори за идното уредување на југословенската заедница.
Декларацијата и Платформата претставуваат основни постулати врз кои ќе се изградува новата филозофија на правниот и економски систем на Македонија.Нивниот дух и содржина ќе ја инспирираат Владата да ги постави темелите на новиот македонски Устав и механизмите на државното уредување. Афирмативниот дух на овие два документа ја мотивира нашата делегација во преговорите за идното устројство на југословенската заедница достоинствено и мошне конструктивно да учествува и да зазема ставови од трајна вредност и интерес за Македонија и за пошироката југословенсказаедница.

II

Нашата Влада презема наследство на претежок економски товар кумулиран во подолг период кој ескалира во последниве месеци, а се огледува во стрмоглавото опаѓање на сите економски показатели. Производството е во колапс по регистрираниот разорен пад од над 10% во однос на минатата година. Заканувачки расте трговскиот дефицит од 551 милион долари резултиран од скокот на увозот и увозната зависност на ригидната стопанска структура и депресијата на извозот. Експлозијата на загубите и епидемијата на неликвидност го враќаат функционирањето на стопанството во архаични облици на демонетизирана размена, која предизвикува физички блокади на производството и размената. Претприемачката иницијатива засега е канализирана во секторот на услугите, што носи обележја на современ меркантилизам од преткапиталистички образец. Сопственичката структура, структурата на цените и економските мотиви ги носат обележјата на воспоставената економска и социјална структура и здобиените навики на работно и потрошувачко однесување. Претприемачката иницијатива е заробена во скудноста на финансиските извори, кои во услови на висок инвестиционен и деловен ризик се ориентираат кон инвестиции со брз повраток на вложувањата. Непостоењето на адекватни финансиски механизми го ограничува и така сиромашниот инвестиционен потенцијал и употребата на распрснатите заштеди, во чие постоење не може да се направи ни увид, ниту се познати нивните карактеристики. Стопанството е номинален побарувач на извесен обем домашни и странски средства со висока неизвесност да бидат реализирани, бидејќи носител на обврските се економии што се борат со слични економски тешкотии.

Се појавуваат заканувачки бранови на нова невработеност со тешки социјални последици, а во истото време, поради структурни и организациони проблеми и отсуство на минимални претпоставки за внатрешна флексибилност, неефикасно се користи и постојната вработеност.

Исцрпен е целокупниот капацитет за потрошувачка, така што се заканува дисконтинуитет од опасни размери и ширење на епидемија на економско сиромаштво, која генерира и други манифестации на сиромаштво.

Пресушени се сите извори за оживување на стопанските активности и за создавање минимални услови за економска акцелерација.

Распнати сме пред повеќе крупни обврски и задачи и свесно влегуваме во нивното разрешување. Првата тешка обврска е што побрзо со инфузија да оживее клинички мртвиот организам на нашето стопанство и тоа пред се потпирајќи се врз сопствените сили. Најголеми резерви за оживување на

нашето стопанство лежат во будењето на индивидуалната иницијатива на нашиот човек. За таа цел ќе биде потребно да се изгради нов стопански систем што ќе овозможи полн замав на индивидуалната претприемчивост.

Најголемо ограничување во изградбата на новиот систем ќе претставува нивото на специфичните знаења што се нужни за работењето во условите на отворено, конкуретно, пазарно стопанство. Во таков систем не можеме да одиме со знаењата што беа достатни во затвореното, непазарно, монополизирано стопанство. Не можеме новиот систем да го градиме со вештини што беа потребни во времето во кое речиси секоја стопанска одлука, секое кадровско решение бараше одобрение од политичката структура.

Неопходно е да се изгради систем што на површината ќе ги исфрли сите оние што имаат нови идеи, во кого иницијативите многу полесно ќе се претворат во реалност.

Системските промени ќе предизвикаат брзо активирање на резервите на неискористените капацитети, рестартирање на мртвите објекти, подобро користење на субјективниот фактор, подобрување на организацијата на работата, економијата на дефицитарните ресурси и воопшто промена на нашиот досегашен однос кон работата. Пазарната ориентација ќе има за последица зголемен асортиман и квалитет на понудените производи со што ќе се зголеми снабденоста на домашниот пазар.

Тој систем ќе предизвика и напуштање на досегашната пракса со трајно загарантиран работен однос и секој ќе биде принуден со својата повисока продуктивност и инвентивност да го зачува својот работен однос и секој ќе мора да сноси ризик за своето работење исто како и приватниот претприемач што го носи ризикот на својата инвестиција.

Цениме дека во овој домен се кријат големи резерви што можат да го зголемат општествениот производ за 1-1,5% со мали додатни инвестициони вложувања и во еден разумен рок. Значајно место треба да добие ревитализацијата на се што е способно за брзо пазарно преориентирање. Одредени резерви лежат и во ликвидирањето на сите оние економски субјекти и одделни институции што преживуваат само благодарејќи на постојаната помош од општествената заедница.

Значајно ќе биде активирањето на потенцијалите на агроиндустрискиот сектор, како и брзиот развој на малото стопанство. Резервите во овој сектор се значителни. Особено ќе има значење поддршката на малите производно-преработувачки претпријатија формирани како приватни или мешовити претпријатија.

За да се исполнат сите овие цели нужно е забрзување на процесот на сопственичката трансформација. Во таа смисла претстои напор да се организира и јасно да се определи функцијата на техничко-економското сервисирање што треба да ја имаат агенциите за преструктуирање и да се утврдат критериумите за функционирање на Фондот за развој. Тој процес ќе биде мошне сложен и тежок. Ќе се пристапи кон примена на модели на сопственичка трансформација кои треба да овозможат промена на сопственичката структура со што е можно помалку стопански потреси.

Значаен елемент на процесот на сопственичкото преструктуирање претставува изградбата на систем на антимонополско законодавство. Борбата против монополите е еден од основните методи за изградба на отворено и динамично стопанство.

Значајно место во новиот стопански систем мора да заземе и заштитата на приватната сопственост. Исто така, активноста на Владата ќе биде свртена кон постепено воведување на пазар на хартии од вредност. Притоа, извонредна важност има истражувањето на регулативните механизми применувани во Европската економска заедница. Ова особено се однесува за издавањето, прометот и контролата на хартиите од вредност.

Изменетиот карактер на сопственичките односи и изградбата на динамично пазарно стопанство го поставува на дневен ред и прашањето за изработка на современ даночен систем. Поттикнувањето и поддршката на новите стопански иницијативи ќе бара омекната даночна пресија, но истовремено и елиминирање на високиот степен на евазија (избегнување) на даноците и ефикасна контрола на нивното при бирање. Користејќи го искуството на Европската заедница во овој домен ќе се настојува даночниот систем во нашата земја да се хармонизира со системот на даноците во тие земји. Ова од причина што само со однапред позната структура и методи на пресметување на данокот Македонија би можела да стане привлечна за странскиот капитал.

Новиот систем ќе создаде претпоставки за оживување на инвестиционата активност во Републиката, којашто подоцна може да прерасне во фаза, на развоен полет и нов инвестиционен циклус.

Сведоци сме на страшна ерозија на производните фондови на нашето стопанство. Нивната технолошка застареност и десетогодишното отсуство на иновациони процеси со појава на висок процент на дезинвестирање го фрла стопанството на маргините на техолошката периферија, а нашата Република ја претвора во технолошко инфериоронo и зависно подрачје.

Тргнувајќи од расположливите ресурси, светските тенденции во економскиот и технолошкиот развој и стекнатите научни сознанија од досега реализираните макро-истражувачки проекти Владата ќе пристапи кон реализација на поадекватна развојна политика и политика на структурните промени. Притоа, ќе се тежи кон имплементирање на економска стратегија на отворено стопанство, градуално подредување кон светската структура на цените, мотивите и економската ефикасност. Очекуваме стратегијата на отворено стопанство во состојба, кога акумулацијата во Републиката е многу ниска, да придонесе и за привлекување на странскиот капитал. За таа цел ќе мора да се развие цела скала механизми што ќе го привлекуваат странскиот капитал (концесии, гаранции, репатријација на капиталот и слично). Тоа ќе бара конституирање на инвестиционо развоен центар за подготовка на инвестициони студии, со цел организирано да ги понудиме нашите барања пред заинтересираните странски партнери и финансиски институции со претходно јасно утврдени интереси на оваа Република.

Неопходно треба да уследи процес на преструктуирање на нашите економски односи со странство, особено на карактеристиките на нашата понуда на меѓународните пазари. Во тој домен мора се повеќе важност да добива понудата на интелектуалните услуги што може да ги даде нашата Република. За таа цел инженерските, проектантските, градежните, здравствените и организациите од другите сектори мораат да се прилагодуваат за нудење комплетна услуга, продавање технологија, проектирање, монтажа и изведување.Ќе се помогне организираниот настап на градежната оператива на Републиката, секторот на здравствените услуги и другите сектори пред се на блискоисточниот (заливски) пазар.

На домашен план ќе се интензивираат активностите околу големите програми и проекти, какви што се Програмата за Вардарскиот слив, Програмата за доградба на енергетскиот систем на Републиката, Проектот за гасификација на Републиката, интензивирањето на геолошките истражувања, Проектот за поврзување со Јадранската магистрала и слично.

*

*　　*

Во настојувањето да се развива еманципирана, суверена македонска држава од извонредно значење е и изградувањето на духовната култура на нашиот човек. Ние сме земја со богат духовен потенцијал, располагаме со творци на една широка скала на уметнички, културни и научни достигања. Меѓутоа, системот во којшто живееме и организацијата на општественото уредузање создадоа ерозија на етичките и културните вредности на нашиот човек.

Во современите услови на научно-технолошката револуција и информатизација на општеството, културната средина и културното богатство како окружување на човекот се повеќе се манифестираат како фактори на развојот во единствениот процес на меѓусебна зависност на расположливите материјални, духовни и организационо-институционални услови. Оттука, духовното богатство на нашите творци, нивните идеи, имагинации, теории и сл., како израз на духовната култура, можат да постојат само ако се пренесат во разни форми на материјалната култура, односно во орадија за работа, работни, навики и материјализирани знаења, во изградувањето на еманципирана култура на личноста, во меѓусебното комуницирање и во односот кон работното место.

Не може да се очекува активен однос кон општествениот развој и поголема креативност без културно еманципирани личности со адекватно искуство, знаење и работни навики.

## III

Владата ќе го изградува политичкиот и правниот систем врз современите достигања на политичко-правните науки и богатото искуство на земјите со плуралистички парламентарен живот. Владата во овој период на премин ќе има практично мисионерска улога во поставување на основите на културата на граѓанските права, пред се, со максимално почитување на демократските начела во комуникацијата со јавноста и во почитувањето на интегритетот на, граѓаните со ефикасна заштита на нивните права, без дискриминација.

Основните постулати од кои ќе се тргнува е човекот - граѓанин, неговата слобода, мисла и идеја, неговата сопственост и иницијатива. Притоа, граѓанинот однапред треба да ги знае своите права и обврски, одговорно да се однесува спрема нив, да изградува култура и однос кон институтите на правниот систем. Нека остане далеку во заборавот на времето насилството на разните култови на личности, чија субјективна волја или политички измислени административни комисии можеа да му ја одземат слободата на човекот, без секаква правна основа.

Оттука, афирмативниот пристап кон заштитата на слободата на човекот и неговото творештво во сите домени на стопанскиот и културниот живот ќе ја издигне Владата над секакви амбиции на реваншизам. Но, секој оној чија совест е нечиста, а уште повеќе чии раце се окрвавени, нужно ќе се најде пред судот на историјата.

Владата со нужно внимание ќе работи на зацврстувањето на политичката заедница во Македонија, што пред се значи прецизна изградба на правната процедура и доградба на институциите на правната држава во Македонија. За постигањето на таа цел ќе тргнуваме од принципите на:

1. поделената власт на законодавна, извршно-управна и судска,
2. деполитизираната армија, Државна безбедност и милиција, и
3. професионално независни јавни медиуми.

Во таа смисла Владата, во која ќе се концентрирани поголем број извршни и управни надлежности, ќе настојува да дејствува како вистински креативен, оперативно-мобилен и одговорен субјект, во предлагањето на политиката и законите на Парламентот и во грижата за нивното успешно и ефикасно спроведување на целата територија на македонската држава. Притоа, со воведувањето на министерствата и другите органи на управа, се зголемува нивната надлежност, особено со преземањето на работите што во минатиот период ги вршеа општинските органи на управата, па во таа смисла ќе се настојува да се изгради ефикасен систем на координација и синхронизација на работите во поодделните управни области, вклучувајќи ја и нужната информатичка технологија. Од не помала важност е изградувањето на нов модел на функционирањето на локалната самоуправа, заради што Владата итно ќе донесе правна регулатива за општините и за Градската заедница во Скопје.

Посебно внимание Владата ќе посвети на конституирањето на судската власт во Македонија. Заедно со Парламентот, Владата ќе ги постулира принципите за независноста на судството и тоа посебно во преодниот период на неговото воспоставување. Станува збор за изградување на независноста и самостојноста на судовите, јавните обвинителства и другите правосудни органи, а посебно за обезбедување на трајноста на судската функција со избор и разрешувањето на правосудните кадри.

Владата ќе посвети сериозно внимание на изградбата на деполитизирани ,стручни и современи органи за внатрешни работи. Радикално ќе ги отвори проблемите на аномијата (беззаконието) на службата, како и можните блокади и политички манипулации со неа. Свесни дека во спротивно, во постојниот плуралистички изострен амбиент, Владата би била сериозно блокирана, доколку милицијата биде на удар на споменативе процеси.

Владата ќе покаже крајно принципиелен однос кон јавните медиуми. Станува збор, што е можно повеќе да биде отворена кон јавноста, односно кон граѓанинот, настојувајќи преку објективно, наполно вистинито и навремено информирање, во исто време да го мобилизира да го, мотивира и да го стимулира истиот тој граѓанин како поединец, да го дава својот придонес во рамките на сопствените - индивидуални способности и можности, за излез од сегашната криза во општеството. Тоа ќе значи и оживотворување на нашето ново видување и определбите за изградување на модерно демократско информирано општество.

Владата ќе се грижи да овозможи да се создава амбиент за слободен

протек на идеите и творештвото за право на мислење и различни ставови, односно да се овозможува се она што е свртено кон иднината, прогресот и комуникацијата со светот. Саканата демократија претпоставува полно право на информација, без затворени приватни кланови и лобија, без политички комесари што ги затвораат изворите на информирање и преку строги филтри одредуваат што смее, а што не смее да се гледа, да се слуша, да се чита. Во таа смисла, треба потполно да се информира сопствената јавност во Републиката за активностите на Владата, за состојбите во пошироката југословенска јавност, како и да се информира меѓународната јавност, посебно Македонците во дијаспората, а се разбира, редовно да се информира и Парламентот и пошироката јавност во Републиката за што мисли и како гледа светот на нас. Нашата нескриена определба ќе биде широкото комуницирање со светот, со цел да се афирмираат демократските процеси и дострели во Републиката, нејзините стопански можности и потенцијали, нејзините научни и културни достигања.

Нашиот напор е насочен кон поставувањето на темелите на демократскиот парламентарен систем. Но, потешкиот дел допрва следува: сите ние, и народот и државата, треба да вложиме многу труд и напор за да ги достигнеме високите прокламирани демократски идеали.

## IV

Кризните потреси низ кои минуваме, натрупани со слабостите во стопанството, социјалните тензии и изостренот политички амбиент во кој ќе дејствува Владата, бараат од сите вас временски мир за да може сталожено, научно аргументирано и без политички притисоци, со нужната доверба, да изработи нова национална стратегија врз чија основа ќе изгради еден динамички модел за развој. Ние сме свесни за нараснатите тензии во општеството, кои се искажуваат, пред се, во: перманентното осиромашување на поголемиот дел од населението, големата невработеност и социјалната несигурност на дел од вработените, високата ерозија на моралот на луѓето и нивната демотивираност за продуктивна работа, со видлива апатија, страв и неизвеснот. Наброените и уште многу други појави на кризниот хаос лимитирачки дејствуваат за некаков временски брз излез и оптимизам во иднината. Меѓутоа, ние го ставаме целосно на располагање, истовремено, и на големо искушение, нашиот научно-стручен потенцијал и авторитет, нашето кумулирано знаење и искуство, нашата љубов и припадност на младата македонска суверена држава, и ќе одиме во изнаоѓање такви решенија што ќе бидат во полза на општата добробит на секој нејзин граѓанин, за да може утре во мир, среќно и побогато да живее.

Тоа е процес во кој треба природно да се слее целиот национален ум, знаењето и енергијата на македонскиот трудољубив човек, неговата штедливост, претприемчивост и иницијативност.

Во тоа сме убедени и верно ќе му служиме на народот, за процут на нашата сакана татковина Македонија.

Ние не сакаме привилегии, слава и ордени, ние единствено се придружуваме на големиот предизвик за промени за општото добро на нашиот народ.

Владата ќе дејствува натпартиски. Нема да се дозволи да се пренесат политичките и идеолошките погледи и дискусии во нејзината работа. Превосходен е интересот на македонскиот граѓанин и на македонската држава.

За сите членови на Владата важат начелата за максимална преданост и чесност во работата, не дозволувајќи да не совладаат искушенијата и сенките на мрачното сомнение, за да биде згазена малодушноста на прагот пред влезот во храмот на Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Благодарам. (Аплауз).

Во продолжение на претресот молам да го имате во вид и ова експозе на кандидатот за претседател на Владата.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитуван претседател на Републиката, почитувано Претседателство на Собранието, почитувани пратеници и гости.

Конечно пред нас се најде и предлогот за избор на нова влада на Социјалистичка Република Македонија.

Мандаторот, уважениот професор д-р Никола Кљусев, тргнувајќи од четирите мошне строги критериуми, ни предлага тројца потпретседатели, 15 ресорски министри и четири други министри за новата влада.

Структурата на кандидатите зборува дека навистина ќе имаме експертна и надпартиска влада што со право што со право ја најави претседателот на Киро Глигоров. Бидејќи меѓу кандидатите, вклучувајќи го тука и самиот мандатор, тројца се академици, 12 доктори на науки, двајца магистри и шест дипломирани кадри со потврдени квалитети во практиката. Од вкупниот број на кандидати, 21 се партиски неопределени, барем формално, еден е член на СКМ-ПДП и еден член на ВМРО-ДПМНЕ.

Верувам дека тоа што е пропуштено со предлагањето на министри за одредени ресори ќе се надополни со предлагањето на заменици, помошници и други раководни кадри.

Во новата влада се застапени сите потребни струки и профили. Мене, лично ме радува фактот што во неа, повеќе отколку порано, се застапени познати и признати имиња од областа на економските науки на чело со професорот Никола Кљусев, што претставува гаранција дека Владата со успех ќе се бори за остварување на реформските цели и за излегување од економската криза. Остварувањето на одредени цели содржани во програмата на Владата што накусо ја образложи професор Кљусев ќе значи позитивен пресврт кон потребниот стопански пораст без кој не може да се замисли натамошното задржување и евентуалното унапредување на обемот на надградбата и решавањето на социјалните проблеми, пред се вработувањето на младите стручни кадри.

Секако, новата Влада ќе се заложи за унапредување на положбата на деловите на македонскиот народ во соседните земји во што ќе ја има и поддршката од ова Собрание. Меѓутоа, јас, како и поголем број граѓани на Македонија, од новата Влада очекувам да предложи и да остварува позитивен пресврт и во областа на правата на народностите и етничките групи што живеат во Македонија, Албанците, Турците, Србите, Власите, Ромите и др.

Тука беше истакнато дека во тој поглед до сега најмногу сме сториле јас би рекол сме сториле но сепак сеуште недоволно, а загрижува фактот што се забележуваат тенденции за одење чекори назад.

Тешко е да се залечат раните што на планот на меѓунационалните односи ги наследивме од поранешниот период и кога разговараме сега, но без тоа уште потешко ќе ни биде за остварување на поставените цели и задачи. Впрочем, и економскиот напредок е условен од политичката стабилност. Благодарам.

МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:

Дами и господа, дел од моето прашање беше опфатено во претходната дискусија. Во експозето на господинот Никола Кљусев, мандатор на новата влада со кое се идентификува кратката платформа на идната влада не најдов конкретен одговор на прашањето: "Како поконкретно предвидувате да го решите националното прашање односно нарушените меѓунационални односи во Македонија, а во склоп на ова и прашањето за образованието на мајчин јазик на албанците, турците и другите кои сакаат да се школуваат на мајчин јазик?" Воедно од принцип уште еднаш да потенцирам прашањето како дојде да во новата влада нема ниеден претставник од турците?

НЕВЗАТ ХАЛИЛИ:

Почитуван господин претседател на Републиката, претседател на Собранието, Претседателството, гости и пратеници, партијата за Демократски просперитет и Народната демократска партија заедно со своите членови и бирачи навистина веруваат дека во Македонија се воспоставува повеќе партиски, демократски поредок во кој ќе се применуваат повеќепартиските и демокртски правила на однесување со респектирање на политичките партии согласно нивната застапеност во Собранието и бројот на граѓаните кои ги претставува. Меѓутоа, од почетокот на работата на Собранието, а и во времето на меѓупартиските договарања за распределба на функциите Парламентарната група на ПДП и НДП често пати беше заобиколена и незастапена во тие меѓупартиски преговори и во распределбата на функциите во Собранието. Имајќи го во предвид фактот дека оваа собраниска група е трета по бројот на претставниците во Собранието, дека има најголем број на гласачи од сите партии и дека претставува повеќе од 30 од сто од вкупното население во Македонија, сметавме дека е најобјективно една од претседателските функции да и припадне на нашата коалиција, меѓутоа не се постапи така со изговор дека во моментот такво расположение во Македонија нема. Покрај тоа Парламентарната група на ПДП и НДП го даде својот глас за претседателот на Собранието, претседателот на Републиката и потпретседателот на претседателот на Републиката свесно дека нема да наиде на разбирања и коректен однос кај сите партии што и се случи. Истовремено нашиот глас за овие три функции требаше да ги отфрли сомневањата дека ПДП и НДП ќе настојуваат да предизвикаат парламентарна криза. Во овој моемнт кога денес треба да се изјасниме за предлогот на мандаторот на идната влада на Македонија Собранието и јавноста треба да знае дека ние дадовме согласност претседателот на Републиката да предложи мандатор, меѓутоа бевме за тоа согласно меѓупартискиот договор по кој

мандаторот требаше да произлезе од ВМРО - ДПМНЕ. Исто така, се сложивме за влада на експерти, но баравме да се почитува и меѓупартискиот договор со кој за коалицијата ПДП и НДП беше начелно договорено да има едно потпретседателско место на владата, најмалку две министерски места и неколку заменици на министри. Во разговорите со мандаторот на владата беа предложени нашите барања, меѓутоа мандаторот по свое наоѓање што има право и по законот му предлага на ова Собрание кандидати кои без оглед на нивните квалитети во што не се сомневаме не се предложени од страна на ПДП и НДП што значи дека не е распектиран начелниот договор. Во предлогот на мандаторот наместо две министерства на коалицијата ПДП НДП им се нуди само едно министерство и тоа за труд и социјална политика од вкупно 15 министерства. Од увидот на предложената листа очигледно може да се констатира дека донекаде се респектирани барањата и предлозите на останатите партии по однос на ресорите и кандидатите, но не е респектирано барањето на коалицијата ПДП НДП. Тоа е уште еден доказ на неплуралистички однос. Свесни сме дека и денес како и скоро секогаш досега со методот на мајоризација собраниската група ПДП и НДП ќе биде надгласана, меѓутоа и покрај сето тоа должни сме да го изнесеме нашето незадоволство како парламентарна група, како преставници на ПДП и НДП и народни пратеници на преку 30% од населението во Македонија со односот на ова плуралистичко Собрание спрема нашата собраниска група. Наместо за прашањата од витален национален интерес да се решава со консензус Собранието на СРМ секогаш тие прашања ги регулираше барем досега со надгласување што е спротивно на интресите на Македонија. Меѓунационалните односи во Македонија никогаш нема да бидат решени и стабилни доколку за истите нема национален консензус, односно согласност од сите националности што живеат во Македонија.

Заради погоре изнесеното собраниската група на ПДП и НДП изразува негодување и незадоволство со начинот на составот на предложената влада и застапеноста на оваа коалиција во истата. Четириесет и пет години други ги избираа преставниците на делот од албанскиот народ и припадниците на другите народи и етнички групи во Македонија. Време е сите народи своите преставници во органите на власта сами да ги предложат и изберат. Ако тој не ги предложи и избере, нема да ги признава за свои легитимни претставници. Исто така, има големо незадоволство кај парламентарната група и кај народот неконституирањето на двете собранија во Тетово и Гостивар иако се направени сите можни напори. Досега не сме наишле на доволно разбирање, би рекол не кај сите, меѓутоа кај некои не сме наишле на разбирање. Само за информирање, досега сме имале 14, 15 средби вклучувајќи ги политичките партии, ограноците и сите луѓе кои се најодговорни во нашата Република.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани народни пратеници, имајќи го предвид високиот респект што почитуваниот професор, теоретски работник, општественик, научен работник не само во нашата македонска, југословенска, туку и поширока светска јавност. За нас од социцијалистичката партија на Македонија сосема очекувано што во своето експозе за составот на новата Македонска влада и за темелните и глобални одредници за идната програма на владата тргна од вредносните принципи на демократското општество и

пазарната економија како што се слободата на секој поединец, сувереноста на македонската држава и нејзината потреба за вклучување во современите демократски и цивилизациски процеси во Европа. Притоа поаѓајќи од фактот дека македонскиот народ е исправен повторно пред историски предизвик заедно со припадниците на другите народи и народности што живеат во Социјалистичка Република Македонија слободно и демократски да одлучи за своето и заедничко битисување во Југославија, на Балканот и во Европа, јасно го изрази своето определување и прифаќањето на обврската од македонскиот парламент да учествува во натамошните преговори за идното уредување на Југославија и уставно правната конституција на Социјалистичка Република Македонија како суверена држава врз основа на Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија и Платформата што овој Парламент веќе ја усвои за преговори, за наредните преговори за идното уредување на југословенската заедница. Притоа во своето експозе, потенцирајќи ја универзалноста на причините за стагнацијата во развојот едновремено, повторно сакам да истакнам, ја потенцира и спремноста за прифаќање на започнатите реформски промени во Југославија и пред се изградба на еден нов, современ, економски, политички и правен систем. Тоа се вредносните определби на пазарно ориентираниот пристап кон кој се определува и мандаторот и во името на владата. Во исто време како и секој човек на оваа држава секако е свесен за тешкотиите и последиците што ги остави долгостраната криза. Секако со силни емоции колку и да се силни кризата не може да се реши, туку само со смислена национална стратегија која всушност се нуди во овој прв предлог на идната програма на владата од која треба да произлезат и конкретни програми како тековни задачи и обврски на новата влада. Затоа по наша  оценка и понудениот приод денес е реален, а оценивме дека не недостасува и  потребниот оптимизам кој верувам постојано ќе биде присутен од страна на членовите на оваа влада. Одтаму би сакал да кажам дека изборот на владата во овој момент е тешка и одговорна задача, би рекол се судруваме со еден историски миг и одговорност на сите во Парламентот. Меѓутоа, веднаш да кажам дека не постои избор, ниту овој кој може да ги задоволи сите критериуми од страна на секој поединец, а всушност сите кои учествуваме во вреднувањето немаме иста одговорност. Тоа е во релација на големината на нивното влијание врз изборот. Затоа најголема одговорност секако има мандаторот. Врз основа на биографските податоци секој од нас може да донесе свој суд, но би требало најдобриот познавач на изборот да биде самиот мандатор, бидејќи тој имал непосреден контакт, разговор и увид со секој кандидат и претпоставувам има целосни информации за вкупниот аспект на ликот на секој кандидат што е предложен за иден министер на новата влада. Имено, ние сме народни пратеници и  затоа ќе го задржиме правото на подоцнежни оценки на изборот во зависност од покажаните резултати. Бидејќи ние сме тие што треба да ја трансферираме волјата на народот, односно да ги оценуваме предложените кандидати пред се во реални услови кои ќе се изразуваат низ идните задачи и чекори на самата влада. Затоа останувам со уверувањето дека мандаторот изградил прави кретириуми за изборот, а за тоа ќе има секако и време и простор да ги потврди низ успесите што ги очекуваме. Се надевам дека зборовите ќе бидат адекватни на реалноста и оваа влада како надпартиска влада нема во иднина да се раководи од ниедни парцијални партиски интереси, а не само за владата, сигурно и за сите во Парламентот секогаш треба да ја носиме вистината дека ниедна партија што е во

Парламентот не е преставник на целиот народ. Затоа за консултации и соработка, за знаење и ум, за кадри експерти владата мора да биде отворена спрема сите партии. Имено во првичните консултации за составот на владата некои партии меѓу кои Социјалистичката партија добија впечаток дека неадекватно се артикулирани наспроти оние кои според искажувањето на мандаторот самоиницијативно го изразиле својот интерес за состав на предложената надпартиска влада. Би сакал да бидам уверен дека изразената партиска неопределеност на скоро сите членови на владата не е дневна потреба, но за тоа како што веќе истакнав ќе има и време и простор од секој член на новата влада за потврдување и самодокажување. Врз овие оценки ја темелевме и нашата определба во Парламентарната група и на вчерашната седница на Претседателството на Социјалистичката партија да дадеме поддршка на составот и програмските определби кои ги изнесе мандаторот за идната програма на новата влада во повеќепартиските парламентарни избори во нашата Република.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитуван претседател на Републиката, почитувани гости и пратеници, имам една мала реплика. Во излагањето на господинот потпретседател Киро Поповски. Имено да беше во усно излагање јас сметам дека може да се направи пропуст, меѓутоа во пишан текст да се спомене дека во Македонија живее македонскиот народ и другите народи и народности кои што живеат во Македонија, мене навистина не ми е јасно. Си поставувам самиот на себе прашање, на целиот македонски народ и на овој Парламент, како може во Македонија да живее македонски народ, други народи и други народности, а ние знаеме дека пред извесно време донесовме Декларација за Македонија во која се вели дека: "Во Македонија живеат Македонци" и носител на Декларацијата е македонскиот народ.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (Прилог)

1. Непостоење на непосредна одговорност на конкретен политички субјект во Собранието врз основа на довербата добиена од граѓаните,

2. Се овозможува на поединци членови на поодделни партии и покрај неукажаната поддршка нив лично или на нивната партија да добијат шанса да имаат битно влијание во остварувањето на власта во Републиката.

Во тие услови, се доаѓа до неиздиференцираност на опозиционото мислење и сили во Парламентот што е основен елемент во функционирањето на системот на парламентарната демократија.

Ние, држејќи се до принципот за Влада на стручњаци, не баравме од мандаторот да бидат земени предвит членови на СРСМ, иако како што е добро познато значаен број експерти, признати стопанственици, економисти, универзитетски професори, културни работници и др., се наши членови. Не одевме на консултации кај мандаторот давајќи му потполна слобода во изборот на Владата, што за жал не беше случај со некои други парламентарни и

вонпарламентарни партии.

Ние денеска го поддржуваме конституирањето на Владата со цел да придонесеме кон заокружувањето на конституирањето на власта во Македонија, со што веруваме ќе се создадат предуслови да почнат да се решаваат наталожените проблеми во Македонија, бидејќи губењето време и нанесува штета на Македонија. Од моментот кога народот не избра, наместо бавење со егзистенцијалните проблеми, ние сите пратеници овде окупирани сме со меѓупартиски односи и создавање пред јавноста на позитивна претстава за себе си. Јасно е дека на тој начин во голема мера го игнориравме фактот на исклучително неповолна состојба во македонското стопанство.

Како партија која својата платформа ја темели во најголема мера на заокружениот програм на стопански и политички реформи кај нас, програм единствено признат и поддржан во светот, посебно сме заинтересирани во програмата на Владата, а за дел од тоа стана збор и во експозето на господинот Кљусев, да ги препознаеме мерките и активностите на Владата со кои ќе се овозможи покренување и развивање на процесите на стопанската и политичката реформа кон модерно, ефикасно и отворено пазарно стопанисување преку слободата на трудот и сопственоста, слободната иницијатива и претприемаштвото, знаењето и иноваторството, валоризација на правото место на капиталот и сл.

Тоа и е потребно на Македонија бидејќи таа мора што побргу да изгради рамка на својата економија како отворена и пазарна економија со што Владата дури сега треба сериозно да се зафати.

Во прв ред сметаме дека треба да се појди од фактот дека врз основа на општествената сопственост како економски непродуктивна категорија не е можно да се направат успешни и побрзи чекори кон совладувањето на кризата. Затоа ние се залагаме за енергични промени во сопственичката структура и поттикнување на приватниот и мешовитиот сектор со што ќе се овозможи потполна конкуренција и на приватните, мешовитите и јавните претпријатија.

Неопходно е Владата веднаш да пристапи кон донесување на нови прописи или измена на постојните со што ќе овозможи основање на сите форми на приватни и акционерски друштва познати за земјите со развиена економија и демократски систем.

За Македонија денес е пресудно да се создаде силен и витален приватен сектор, вклучувајќи и фирми основани од странскиот капитал. Досегашните општествени претпријатија можат да ја идентификуваат својата сопственост и непосредно да ја претворат во капитал на работниците или приватните вложувачи или во мешовит капитал со евентуално учество на државата и општествените фондови. Работничкото акционерство е облик што во овој уводен период ние го поддржуваме како солуција на проблемот на сопственоста во успешните општествени претпријатија. Ние сме против кој и да е облик на подржување на стопанството и сопственоста и против било кој нов тип на етатистичка сопственост.

Нужен е комплекс на прописи и владини мерки кои ќе овозможат ургентно отворање на широк фронт за вложување на странски капитал бидејќи без доаѓање на ваков капитал чиста илузија е идејата на нов инвестиционен циклус. Во таа насока неопходно е да се донеси закон за концесии, бидејќи странскиот капитал во Македонија веќе нема да доаѓа по традиционалниот пат на кредитирање на претпријатијата што не ја промениле структурата на сопственост.

Развојот е главен фактор, заедно со преструктуирањето на сопственоста, кој дава единствена шанса за наше вклучување во современите економски токови. Затоа е неопходно создавање на нова развојна и економска стратегија.

Во неа, поаѓајќи од критичкото преиспитување на досегашниот развоен концепт, што подразбира преиспитување и поинаква селекција на развојните приоритети на Македонија, појдовна позиција на развојните приоритети на Македонија, појдовна позиција треба да бидат човековите ресурси, оптималното активирање на работоспособното население особено во насока на високо-технологизирани и транспродуктивни технолошки системи, гранки и видови на дејности.

Посебно инсистираме на подготовка и дообликување на крупни реформски програми, проекти и зафати врз основа на концесии и тоа во областана комуникациите, телекомуникациите, индустријата, земјоделството и енергетиката, рударството, целиот комплекс на проектот на Вардарската Долина, туризмот итн. што се заедно е еден од условите за привлекување на странски вложувачи.

(Негирање од присутните пратеници во врска со должината на дискусијата на пратеникот Крстевски и содржината на неговата дискусија).

СТОЈАН АНДОВ:

Расправата се води за Програмата на Владата. Што ве изненадува?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мора да и кажеме на Владата што бараме од неа.

(Пратениците реагираат: - Кажи и утре)

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжете Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Во делот на законодавството, сметаме дека се неопходни промени што ќе овозможат:

а) Прифаќање на сојузните закони, чие донесување е нужно за нормално функционирање на стопанството во периодот до донесување на нов договор за политичката иднина на земјата.

б) Донесување на закони во СРМ кои ќе ја доразработат или надополнат сојузната регулатива.

Она на што посебно инсистираме во СРСМ е да се забрза работата на измените на даночниот систем во правец на негово приспособување на даночниот систем во Европската економска заедница. Даночен систем кој почива на филозофијата на ставање на сите фирми и поединци во една егалитарна рамка во еднаква немаштија, не може да е во функција на развој ниту во функција на привлекување на странски капитал.

Преку даночната политика треба да се овозможи формирање на нови претпријатија и тоа како мешовити, акционерски или било кој друг облик на корпоративна сопственост.

Владата би морала да побрза со создавањето на институциите својствени на развиените и модерни финансиски системи.

Во таа смисла што е можно побрзо треба да отпочне работата на Агенцијата за преструктуирање на сопственоста, берзите за хартии од вредност, пазарот на пари и други финансиски институци и.

И предлагаме на Владата да ја разгледа можноста да се формира од страна на државата, банките и финансиските организации, стопанството и другите заинтересирани, посебна финансиска корпорација на Републиката како акционерско друштво. Притоа да се испита можноста за вклучување во корпорацијата и на странски фирми.

Нема потреба посебно да го нагласувам значењето на едно вакво акционерство, вклучувајќи го и работничкото што дава големи можности за поголемо и пошироко искористување на средствата во стабилизирање на вкупниот стопански и нестопански живот во Републиката.

Со формирањето на финансиската корпорација би можело да се створат реални претпоставки за развој на македонската економија врз база на основните економски принципи, мотивирани исклучиво од профитот, а да не нагласувам што тоа посебно значи за социјалните проблеми и за општеството кон кое се стремиме (богато општество и богати поединци).

Во Сојузот на реформските сили на Македонија инсистираме на тоа да се обезбедат средства за санација на банкарството, но претходно и што побргу да се изврши организација на банкарскиот систем врз економски принципи.

Инсистираме да се обезбедат средства за социјална сигурност со цел да се смалат социјалните тензии кај населението.

Исто така, да се продадат становите во општестве на сопственост и на тој начин да се обезбедат средства за понатамошна изградба, кредитирање на станбената изградба, партиципација во каматите и враќање на кредитите.

Да напомнам дека не помалку важно за владината програма е да се изврши трансформација на фондовите во слободни финансиски средства кои ќе циркулираат на слободниот пазар на пари, берзите и другите инвестициони институции.

Би сакал уште да истакнам дека настојувањата да се створат пазарно способни организации не можат да бидат реални ако не се решава и проблемот на социјалната загрозеност и тоа не како проблем на претпријатието, туку на синдикатот и на државата**.**

Ние се залагаме за синдикализам ослободен од политичко влијание на партиите, а исто така сме и за плурално синдикално организирање не само како начин и облик на организирање на трудот и работништвото, туку и како потреба на модерната пазарна економија.

На крајот сакам да истакнам дека Владата ќе мора да појде од тоа дека економскиот потенцијал на Македонија е еден од факторите кои обезбедуваат компаративни предности во однос на некои од соседните држави, а тоа се сообраќајните правци, индустриските капацитети, образованата младина, постојната способна и школувана невработена работна сила, трудољубивоста и штедливоста на народот и другите ресурси со кои располага Републиката.

Ако правилно ги поставиме решенијата на сите овие значајни клучни точки ние Македонија ќе ја направиме привлечна и за нашето иселеништво да

почне да доаѓа овде со својот капитал, иницијативи и деловни врски. Ако не го сториме тоа попусто ќе бидат нашите апели кон нивниот патриотизам. Луѓето што од мака отишле одовде нема да се вратат се додека овде не создадеме систем и услови како оние што постојат во земјите во кои нашите иселеници отишле како туѓинци без ништо и никого, а сепак станале почитувани граѓани и успешни деловни луѓе.

Македонија неминовно проаѓа низ една значајна фаза на историскиот развој, кон фаза на слободна и развиена пазарна економија и изградба на граѓанско општество засновано на неприкосновеноста на слободите на граѓанинот и правата на човекот, слободата на политичкото здружување и развој на целата лепеза на новата генерација човекови права и слободи и тоа во услови кога немаме некој поголем континуитет на граѓански традиции и кога национализмот, за жал, се враќа на "голема врата" кај нас.

Иницијалните промени во насока на воспоставување на парламентарно-демократско политички систем во Македонија се веќе на дело, но тоа сеуште не значи гаранција за зацврстување и продлабочување на демократските односи и процеси во Македонија.

Затоа, Сојузот на реформските сили на Македонија во секоја прилика ќе бара од новата Влада нејзините активности и мерки да водат кон продлабочување и развој на процес од тој аспект ќе оценуваме како таа работи и колку ќе ја поддржуваме во иднина.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Јовановски.

СЛОБОДАН ИВАНОВСКИ ( Странка на Југословени)

Странката на југословените во Македонија предложената Влада ја смета претежно ВМРО-овска и го известува македонскиот народ дека успехот и неуспехот на истата го сноси оваа партија.

Се сомневаме дека предложената влада ќе ја спроведува политиката, што подразбира југословенска опција бидејќи го има пренагласено ВМРО-вскиот отколку експертскиот карактер.

Истовремено, Странката на југословените во Македонија во согласност со неопходноста од економска и секоја друга рационалност на работење на Владата не може да прифати толкав број на министерски места, а особено и бројот од 4 министри без ресори за кои ќе бидат месечно трошени пари во висина од 50 до 100 работнички плати. Дури ни Сојузната влада нема толку министерски места што уште во стартот кажува дека Владата ќе биде скапа и неефикасна, а дали ќе биде успешна ќе кажеме после 100 дена, а можеби и порано.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Благој Ханџиски.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ: (СКМ-ПДП)

Господине претседателе на Републиката, господине претседателе на Парламентот, почитувани гости, дами и господа пратеници,

И покрај бројните забелешки изнесени на денешната седница, јас сепак се надевам дека денеска ќе ја избереме првата Влада на Република Македонија, во услови на повеќепартиски систем.

Пребројни се и пресложени се задачите наталожени во целиот изминат период што мора да се разрешуваат и ако денеска не избереме влада, тоа е сигурно дека никој не може да ги предвиди последиците по целокупниот живот во Републиката. Плашејќи се да не зборувам како учесник во расправата подолго од мандаторот во своето експозе, ќе се обидам најкратко да дадам само една сугестија.

Јас знам дека кандидатот за претседател на Влада, господин Кљусев во своето експозе за Програмата не можеше да алудира да ги опфати сите елементи од таа идна платформа и уште пошироко да ги елаборира. Во таа смисла сметам дека истата ќе се надоградува во тек, се што ќе предложи Владата преку формите на различни закони и програми ќе дојдат во овој парламент.

Затоа, сакав да го сугерирам само следново, сметам дека и покрај тоа што станува збор само за набележување на приоритетните задачи од програмскиот документ на Владата, испуштањето на селото го сметам како недостаток за програмата, заради тоа што сметам дека нема богата држава без богато село. Тоа е познато. Познато е дека со една цела низа погрешни решенија создадовме состојба нашата Република да опустоши цели свои региони. Само во Скопската котлина е сконцентрирално население од преку 800 илјади души. Денеска не хранат 60-годишници, 70-годишници. Јасно е дека мора Владата да излезе со една програма за враќање на животот во селата, за подмладување на селата со една програма со која што ќе се поттикнат спротивните процеси од оние што до сега течеа: миграцијата село-град, миграција спрема надвор и раселувањето на една мала земја како што е Македонија заради тоа што, на сите ни е јасно дека до таа мерка ја опустогаивме земјата што може во Македонија денеска да поминете и 40-тина километри површина а да не најдете населени места. Такви се просторите на Мариово, Конче-Кривопаланечко и тн.

Оваа сугестија ја истакнувам заради тоа што ќе инсистирам и понатаму на една програма за враќање на животот во селата.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави пратеникот Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)

Почитувани дами и господа, пред да почнам со моето искажување сакам да протестирам поради тоа што сметам дека треба да се почитуваат светските парламентарни искуства и оваа говорница треба да биде на тие што се од народот избрани како народни пратеници, а не од страна повикани.

Почитувајќи го ставот на мојата партија за слободно определување како и желбата на граѓаните од мојата изборна единица изразена на собирот

одржан на 15.III.1991 година, јавно сакам да се произнесам дека ќе го дадам својот глас за избор на оваа Влада.

Сепак, како македонец, се чуствувам обврзан да го пренесам ставот на групата граѓани од Тетово и Гостивар, а во врска со предложениот министер за труд и социјална политика, господинот Илјаз Сабриу.

Предлогот Илјаз Сабриу да биде министер во првата Македонска повеќепартиска влада кај граѓаните во Тетовска општина предизвика големо непријатно изненадување, разочарување и револт, од причини што тој низ својата досегашна работа и однесување успеја да се престави во крајно негативна светлина и во директна и индиректна служба на дејствањето од позиција на албански национализам и сепаратизам. Неговиот политички и морален травеститизам е редок пример на промена на политичкото поле еднсинствено мотивиран од користољубиви и кариеристички побуди и по сите критериуми на било кое општество би требало да биде сфатено како трошење на политичкиот и моралниот капитал, а не подобност во поширока смисла за вршење таква одговорна функција, воедно такво кризно време за Републиката, предизвикано во голема мера и заради дејствување на токму такви луѓе како него против интересите на оваа држава и Македонскиот народ, но не само на него туку и на припадниците на народноста, поточно речено на малцинството на кое му припаѓа.

До пред некој месец тој беше член на СК и како таков ,според применуваните клучеви и важечките кадровски критериуми беше на повеќе функции во Општината и Републиката, вклучувајќи ја и функцијата претседател на Извршниот совет на Собранието на општина Тетово и заменик министер ( секретар ) на Секретаријатот на општостопански работи, труд и социјална политика. Зачудува фактот, кога се зборува за намера да се состави влада на експерти и на националниот спас, што се предлага токму вакво лице кое не е ниту експерт за никаква стручна проблематика ( не се докажал со никаков успех во својата стучна професија ) а во поитички поглед го докажал камелеонството и превратништво со преоѓање во Партијата ПДП од чии редови како кандидат за одборник на Општинското собрание и беше избран, поаѓајќи исклучиво од сопствените кариеристички амбиции и недоследности кои што не смеат да бидат одлика на членовите на новата влада од која се очекува во буквална и преносна смисла спас за Македонија.

За време на неговиот мандатен период од 1982 - 1986 година како претседател на Извршиот совет на СО-Тетово, постојат прецизни податоци за повеќе негови незаконски и девијантни дејствувања. Имено, во истиот период се изградени над 400 дивоградби во населбите "Дреновец" и "Теќе", не само заради неговата небудност која и сама по себе не би била занемарлива, туку заради неговото непосредно и директно влијание како фактор и причинител на негативките состојби, особено со неговото директно мешање во работата на инспекциските служби и неговата директна наредба од страна на Инспекиијата за урбанизам и комунални работи да се рушат најголемиот број на новите дивоградби кои што им припаѓале на неговите пријатели, роднини и истомисленици , а за што постотат повеќе писмени докази и изјави на компетентни лица непосредни учесници во постапките за спречувањето на дивоградбите.

Во негово време, на 27 декември 1982 година донесена е Одлука за усогласување на оградните ѕидови, а конкретни мерки за нејзиното реализирање во неговиот мандат воопшто не се преземени и покрај тоа што

истата Одлука не е ниту ревидирана ниту повлечена, што е најочигледен приемер за непочитување на собраниските одлуки од генерално значење. Исто така, тој носи главна одговорност за сторените злоупотреби во распределбата на 20 станови во 1984 и 1985 година од Фондот на повратниците од Источно-Европскпте земји при што, на својата снаа и брат ( кој што сега работи како слаткар во Хрватска) им има овозможено добивање на стан од 85 м од Станбениот Фонд за повратниците преку Општинскнот суд и во асистенција на претседателот на тој Општински суд.

Како претседател на Извршниот совет има променето неколку плацови за изградба на куќа во Мала Речица, а последниот го има добиено на незаконит начин, без конкурс, во населбата „Пржова Бавча" во површина над 500 м2 и тоа во дворно место на зграда од Фондот на повратниците од Источно-Европските земји заради што беа без оправдување срушени неколку гаражи, создавајќи при тоа огорчување и гнев кај граѓаните.

Во врска со изградбата на неговата куќа постојат факти за незаконско пролонгирано користење на сретства наменети за потреби на Месна заедница и за изградба на поткровје вон темничката документација и без претходно наплатени комуналии.

Сите овие наведени работи и се познати на Тетовската јавност и токму заради тоа не изненадува кои се тие снаги што го препорачуваат еден ваков стручно недокажан, морално неподобен и политички крајно контраверзен и несигурен човек, за министер во една сфера каде што стручноста и моралноста треба да бидат на најголема висина.

ТОДОР ПЕТРОВ

За предлогот на оваа Влада би гласал заради тоа што Извршниот совет во досегашниот состав не ја одржа последна седница, а претседателот Гоговски веќе одржа поздравна беседа во знак на благодарност на досегашниот состав на Извршниот совет.

Ако не ја избереме денес новата Влада жално ќе биде членовите на Извршниот совет да ги мачиме до наредниот избор по предлог на нов мандатор да одржат уште една последна седница, а другарот Гоговски повторно да чита поздравна беседа. Како и заради тоа да не се создаде вакум во конституирањето на извршната власт.

За мене тоа е само една обична Влада бидејќи секоја партија или поединец кога ќе го добие мандатот за формирање на Влада нормално дека ќе си предложи експертска Влада, таква која ќе ја спроведува утврдената партиска политика или политиката на поединецот кој е предложен за мандатор за состав на Влада.

Во услови на свршен чин изгледа сме ставени во позиција друг излез и да немаме.

Верувам во добрите намери и на мандаторот и на составот на Владата, меѓутоа изгледа дека повеќепартиските избори ни беа одвишни ако партиите не можат и во извршната власт да ја потврдат својата политика, за да можат да бидат бирани и да добија легитимитет и на наредните избори.
Ако односот на силите и на наредните избори остане ист во овој Парламент изгледа дека Македонија ќе биде вечно осудена да има само експертска Влада.

Score: Не можам а да не го констатирам следново. Предлогот може ќе биде прифатлив бидејќи го предлага претседателот на Републиката кој е избран

скоро едногласно во овој ист Парламент. Меѓутоа одговорност за одолговлекувањата на постапката и прескокнувањето на одделни партии во поделбата на власта врз основа на претходниот меѓупартиски договор, постои. Бидејќи договорот од 7 дена кога требаше да се предложи мандатот истече заклучно со 3.02.1991 година. Од тогаш до денес поминаа скоро 2 месеци. Законот за Влада во член 15 е повреден, а и не е извршена консултација со претставниците на партиите застапени во овој Парламент, конкретно со нас независните пратеници како рамноправни политички партнери во овој Парламент, бидејќи тоа беше законска обврска на претседателот на Републиката.

Да се постапеше по утврдениот редослед верувам дека денес ќе се избереше Влада, ќе се изредеа сите партии и на крајот сигурно ќе добиевме некоја Влада. Меѓутоа, не партискиот карактер на оваа Влада не ги поштедува од партиската борба во овој Парламент и критиките и предлозите на сите партии, па и на предвремено сменување.

За економската програма не добивме некои конкретни видувања на оваа Влада, меѓутоа овој парламент веќе зборуваше. Сите ние ги искажавме нашите видувања за економската состојба во Републиката и верувам дека Владата ќе се преземе обврска во новиот состав да ги проучи сите предлози што беа овде поднесени, а заклучоците да ги спроведе во дело. А да не вршиме промоција на партиските програми по однос на економијата за конституирањето или целокупно за функционирањето на државата, сите партии, ако веќе претходно мандаторот не ги собрал нека му ги предаде во писмена форма па тој да извлече она што најмногу на оваа експертска Влада ќе и се допадне.

На крајот сакам да дадам една забелешка по однос на излагањето на претседателот на Партијата за демократски проспиритет господинот Халили. Имено забелешката е во следново.

Во овој Парламент како да веќе се одомаќини зборот мајоризација. Мене многу ми штрчи и барам да го исфрлиме од употреба. Кој кого мајоризира во овој Парламент. Кога водиме расправа ПДП и НДП се граѓански партии. Кога некој предлог од НДП или ПДП не се прифаќа тогаш сме мајоризирани. Никој не им го даде правото да се гетоизираат на еднонационална партија. Го имаат правото според законот за политичките организации да се вклучат во сите политички граѓански партии кои што законодавецот ги предвидува. Меѓутоа за тоа ќе расправаме на една од наредните седници и верувам ќе донесеме конкретни предлози.

Мене ми се чини дека оваа Влада акцентот мора да го стави на три стратешки определби: производство на храна, енергија и знаење заокружување на процесот на трансформација на сопственоста, заокружување на процесот на економското осамостојување во Републиката конституирање на Републиката како самостојна, независна и суверена држава на Македонскиот народ и решавањето на прашањата на колонизацијата и сегрегацијата во западниот дел на Македонија.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитува претседателе почитувани пратеници. На оваа седница претседателот има покането и голем број на значајни гости. Тоа е сосема разбирливо затоа што се бира, а јас би рекол и се инагурира новиот состав на Македонската влада. Според тоа оваа седница е природно и секаде има освен

работната компонента и извесен миг односно свечен карактер. Но ние често пати знаеме од работни средби да правиме фестивали, од фестивали да направиме нешто што е спротивно на мерата во тој момент.

Јас би сакал оваа седница на Парламентот да го има и работниот дел во својата задача, но да го има и оној свечен дел заради тоа што се бира Влада на Македонија. Незадоволства и задоволства секој има право да изразува, но мислам дека е важен моментот на изборот на Македонска Влада затоа што кога доаѓаме до моментот на изборот на Владата тогаш постојат и голем број претпоставки дека од одделни работи се сепак во глобала расчистени и се излегува со некој релативно усогласени предлози и ставови. Би сакал барем да биде така за денешнава седница.

Не би зборувал долго, но би кажал само неколку работи. Ние го прифативме критериумот стручна Влада, не сите, но најголемиот број партии се согласија со предлогот да се состави стручна Влада.

До тоа дојдовме после многу долги меѓупартиски договори со кои некои прашања успешно ги совладавме, други останаа до денес не совладани. Меѓу тие несовладаните остана и ова најважното, формирањето на новата Македонска Влада.

До критериумот стручна Влада со вакви изборни резултати очигледно е дека мораше сепак да се дојде, имајќи во вид дека ниту една од партиите не проценуваше дека актуелниот момент на Републиката бара нови избори, доколку неможат партиите меѓусебно да најдат разбирање. Напротив и раководствата на партиите, поголемиот број, и јавноста бараше час поскоро да се формира владата односно овој Парламент да избере конкретна екипа што ќе се зафати со задачите што и припаѓаат на една Влада, а знаеме што значи влада во секоја Република, го знаеме степеност на виталноста на тој орган и ги знаеме последиците од непостоењето на Влада или лошото решение во врска со изборот на Владата. Затоа ние бевме спремни на почетокот и за партиски договор и за формирање на стручна Влада, занемарувајќи ги партиските и личните интереси, па така го прифативме, се чини во овој момент можеби порационалното решение да добиеме еден стручен мандатор кој ќе предложи стручна Влада која ќе работи во овој момент над партиски, толку колку што ќе биде можно да опстои и да се работи надпартиски и верувам колку бара овој македонски интерес во овој момент.

Во лицето на мандаторот, проф.д-р Никола Кљусев добивме човек со познати стручни референции. Замолен да се зафати со оваа тешка должност, тешка должност му оставивме слобода, што се однесува до нашата партија, според неговото сваќање да одбере Влада односно состав на Влада во кој што верува дека ќе ги остварува задачите од доменот на Владата. Тој состав ни е соопштен . Соопштен ни е и пред некој ден, а и денес и на никого веќе не му е непознат.

Во тој состав веројатно има кандидати што би ги прифатил секој мандатор од подрачјето на Македонија. Во него веројатно има кандидати што наидуваат на различни спротивни оценки и проценки и различни мандатори различно би се определиле за некои кандидати на таа Влада. Но јас претпостазувам и верувам дека е така и непомислувам дека можеби може да биде поинаку, тоа е резултат на концепцијата на мандаторот кој што мислам дека треба да ја почитуваме, на неговите сваќања за поимот стручност и конпетентност и во крајна линија и на неговиот вкус, бидејќи на сето тоа сепак има право, бидејќи презема и лична огромна одговорност во овој момент со прифаќањето на оваа мошне одговорна

функција. Од тој аспект ние би имале одделни забелешки на составот на Владата, од индивидуална природа, но ако инсистираме на нив, а би можеле да инсистираме како што други тоа го прават или можеби сакаат да го прават, тогаш би му одзеле дел од правото и одговорноста на мандаторот со прифаќањето на оваа функција. Затоа пратениците од СКМ-партија за демократска преобразба ќе гласаат за овој предлог на Владата, со тоа што некоја индивидуална забелешка може да биде изнесена, веројатно ќе биде, а мандаторот ќе процени дали и покрај вакви забелешки ќе опстои на својот комплетен предлог. Но, при тоа како пратеничка група во овој парламент, сносејќи го нашиот дел на одговорноста изјавуваме дека бланко меница за трајна доверба не потпишуваме и со чинот на гласањето за овој состав на Владата. Тоа е сосема разбирливо и апсолутно прифатливо и за мандаторот и за кандидатите на оваа Влада. Нив всушност сакаме да им дадеме шанса, да ја исполнат нашата надеж, нашите очекувања, да ги исполнат очекувањата во овој момент на народот кој што е заглибен во тешки материјални социјални и политички проблеми кои што бараат почнување да се решаваат од вчера, не од денеска и од утре. Затоа експозето на д-р Никола Кљусев го сметаме за општа рамка за намерите на оваа Влада. Ние допрва очекуваме конкретна и опсежна програма за која што ќе им биде потребно извесно време да ја подготва и да му ја понудат на Парламентот и тогаш повторно ќе просудиме за целокупната компетентност и сериозност на целиот овој состав. Потоа, се разбира, повторно ќе судиме за целото работење на оваа Влада, а да нагласам дека, тоа важи за овој состав, особено во овој момент политичките и државните функции се веќе сосема небезбедни функции, тие се тие нетрајни функции од типот на системот во кој што живеевме досега и непостојат ризиците за долги долги грешки кои што неможат да се корегираат и кога во прашање е изборот на една лично и кога е во прашање изборот на комплетна Влада, а овој парламетн и оваа влада брзо ќе просуди дали има потреба да ја исправи својата грешка.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.
Јас накратко сакам да се свртам малку на излагањето на економскиот дел од експозето на господинот мандатор, Никола Кљусев.

Сите ние знаеме во каква состојба е стопанството денес во Македонија и уште повеќе знаеме од кои причини е доведено во ваква состојба. Едноставно ние дојдовме во ваква ситуација бидејќе не ги применувавме законите на пазарната економија.

Бидејќи пазарната економија има свои правила на однесување, а едно од основните правила на однесување е економисијата и економската принудност. Во услови кога нема економска принудност сите стопански субјекти се однесуваат комотно и работат далеку под можностите. Потоа доаѓа до намалување на производството во сите свери на стопанството и на тој начин се појавуваат одредени појави како што се: инфлација, падот на животниот стандарт, појава на загуби во стопанството и тие работи потоа се манифестираат како одредени потешкотии и проблеми и останува на ред државата со своите административни мерки тие работи да ги успорува на тој начин што со тоа што ќе ја успори инфлацијата или пак ќе го заштите животниот стандар кај луѓето и ќе ги покрива загубите.

Во една таква ситуација ние имаме се помалку делување на економските законитости, а се повеќе делување на административните мерки кои доведуваат до таква ситуација стопанството се понатаму и понатаму да тоне. Економските законитости се се помалку арбитер во токовите на стопанството, а административните мерки одат на штета на економските. Во една ваква ситуација денес се наоѓа и Македонија. Бидејќи стопанството е во многу тешка ситуација тие административни мерки добиваат една прогресија сега и се повеќе ги заменуваат економските мерки. Меѓутоа сакам да кажам дека делувањето на тие административни мерки во зависност од карактерот и ефикасноста можат да делуваат во два правца. Ако му одговараат на економските законитости и туркаат на таа страна и му погодуваат, ние можеме да очекуваме многу позитивни резултати. Во работењето и излегувањето од денешната криза во која се наоѓаме. Меѓутоа, ако тргнат во спротивен правец, тогаш сигурно и понатаму ќе останеме економски подредени во однос на останатите стопанства и во Републикава и во светот.

Исто така, една моја сугестија на Владата и на поедините членови, носители на министерствата, на министерските ресори е да не се става во иднина како ментор на одредени стопански субјекти или одредени раководители кои не се успешни во работењето, а да ги заштитуваме на тој начин. Или да се престане со импровизација како што беше работничкото самоуправување, најдобрите работници, оние кои што на своето работно место можеа најповеќе да придонесат, да работат и да создаваат, па ние да ги привлечеме некаде кон директорот и да станат лоши самоуправувачи, а исто така да не придонесуваат онаму каде што се најефикасни.

Покрај сето ова, сакам да кажам и една работа која влева барем кај мене еден личен оптимизам. Во 1945 година кога заврши втората светска војна сите знаеме Германија како излезе разрушена и скоро без ниеден стопански капацитет на функција. Исто така, тогаш не беше во опција Марселовиот план за помош на европските земји кој беа разорени од војната и во тој момент му беше понудена претседателското место на еден млад човек во Германија кој мислам дека беше син на еден учесник во атентатот на Хитлер. Тогаш луѓето согледувајќи ја таа состојба на Германија го запрашале човекот "како мислиш да ја вратиш Германија во таа состојба која беше пред војната" и го одвраќале да не ја прифаќа таа функција. Тој им одговорил: "6 милиони висококвалификувани и стручни работници има во Германија и тие се гаранција дека ќе ја извлечат оваа земја од оваа стопанска криза и ќе ја развијат онака како што беше и дури уште повеќе од тоа". Ние не сме германци, меѓутоа и ние Македонците имаме своја вредност и мислам и ние имаме ако не еден милион барем шестотини илјади работници кои гарантираат дека оваа земја може да ја извлечат од кризата во која се наоѓа сега, меѓутоа треба на тие луѓе да им се даде едно место на живеење и еден достоинствен почит, со тоа што, ќе создадеме еден човек граѓанин, кој ќе биде економски, правно и социјално воспитан и културен. Што подразбира тоа, економски да твори, да создава за себе за своето семејство и да обезбедува акумулација на идните генерации, правно да ги почитува сите прописи позитивни кои важат во сите сфери на работењето и социјално да има свое достоинство и да го почитува достоинството на другиот. Само така мислам дека ние можеме да се извлечеме од оваа криза и седниците на ова собрание нема да бидат вака мачни и ние нема да расправаме за проблемите на стопанството, на наградбата, културата, просветата итн., туку Собранието ќе е место каде што

ќе се изразува задоволството, ќе се констатираат успешно завршените работи и ќе се донесуваат начела, критериуми, правци за уште подобро работење и поголема благосостојба на македонскиот човек.

ДУШКО ЃОРЃЕСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани гости и пратеници, Го слушнавме експозето на нашиот мандатот и мислам покрај тоа што тука имавме пошироки образложенија од други говорници сметам дека во основа претставува како што беше изнесено со оние правци за воведувањето на Владата во понатамошното разрешување на состојбите во нашата република. Навистина од нашата прва Владата избрана во услови на повеќепартиски систем очекуваме многу, влегува во многу лоши сложени услови, се нафаќа за една најодговорна, мошне одговорна задача и оттаму таа одговорност и ние како пратеници во иднина заеднички ќе мораме не само да ја делиме, но ќе мораме и тука од говорницата да бидеме што пократки, што поконкретни да ја помагаме, а и заеднички да бараме насоки за излез од состојбите. Мислам дека и во Западниот дел од Македонија од оваа Влада се очекува многу, затоа што состојбите и на меѓунационален и на економски и на социјален план се мошне загрижувачки. Јас при еден од поводите за да се јавам денес во името на бирачите од каде што сум избран како пратеник, а и во името на парламентарната група, почитувајќи го ставот и мислењето на почитуваниот проф.Кљусев за кандидатите за новата Влада, респектирајќи ги сите околности во кои што Владата е предложена , да искажам едно мислење на резерва во смисла на предлогот на Илијас Сабриу. Тоа е моја должност и одговорност пред пратениците, односно пред моите бирачи, а исто така, мислам дека наоѓам една можност дека не се направени доволно консултации сега да имаме една таква ситуација за да можеме од ова да излеземе само под услов ако проф.Кљусев прифати и изврши замена само на овој член на овој кандидат, а во основа и како парламентарна група и во јавноста односно и граѓаните од Тетово и пошироко даваме целосна поддршка на останатиот состав на кандидатите за нашата прва влада во услови на повеќепартискиот систем. Не би сакал  да образложувам, а мислам дека не е целисходно да го оптоварувам сега Парламентот, зошто? Нешто беше тука изнесено, не би сакал во тој контекст да читаме тука реферати, меѓутоа, мислам дека навистина слабосите во работење на Илијас Сабриу, не гарантираат успешно извршување на задачите, па токму , во Министерството за труд, здравство и социјална политика. Од аспект на популационата политика од аспект на социјалната политика итн. Мислам ако има потреба сето ова и во документирана форма да го образложам пред мандаторот и пред овој Парламент.

СТ0ЈАН АНДОВ:

За збор се јави госпидин Фаик Абди.

ФАИК АБДИ:

Почитуван претседател на Републиката, почитувани потпретседатели, почитувани дами и господо.

Мислам дека денес многу разговаравме за изборот на Влада на нашава држва. До пред некој ден, многу зборувавме за овој состав на Извршниот совет, го напаѓавме, некомпетентна Влада итн., а денес изразуваме одредени сомневања како да е ова некоја влада предложена некоја Влада итн., да не должам. Мислам дека ние денес треба да им дадеме една голема одважност на овие луѓе што се зафатија со проблемите на СРМ во ова време. Секако , во овие тешки денови, во ова тешко време, време на многу лоши меѓунационални односи, лоши меѓурепублички односи, лоша индустрија и се е лошо. На нив треба да гледаме со восхит и да им дадеме волја, "ќеф" што се вика народното. А, ако не умеат со своите квалитети како што зборуваше мандаторот, тоа времето ќе покаже. Италија не умрела од тоа што менувала влади, (да чукнеме да не дојде до тоа), но, најсериозно зборувам и мислам дека треба да изградиме доверба на проф.Никола Кљусев, на предложените кандидати, за членови на владата, министри, нека се докажат. Мислам дека работата е многу сериозна и за нив е многу сериозна, за сите нас како пратеници, но за нив е многу сериозна. Во ова време да се затекне човек во Влада за одредени прашања по ресори итн., мислам деке е тешко. Мислам дека денеска говорницава не требаше да ја употребиме како место каде што ќе кажеме за економијата, за образованието, за воспитувањето итн. Опростете на овие зборови ние нашите програмски и партиски определби сме ги кажале и на радио и на телевизија по еден час итн., и овде ги кажуваме, сигурно кога избраната Влада ќе дојде со предлог резолуција за општествено-економскиот развој на државата, тогаш нашите партиски интереси, а не верувам дека некоја партија има такви интереси да ја сруши државата, ќе ги најдеме над интересите и оние што се ситни и оние што се крупни. Замерам на поединични излагања од посебни партии на однапред она кажаното, за распаѓањето на Југославија на Македонија итн., па потоа јас знам кога беше она за здружување и раздружување, ограничување колку гласови итн., да не кажувам свое мислење тука. Што ако се раздружиме, едни на една страна влечат, други на друга итн., што ќе стане со оваа мала државичка Македонија.

Да не должам многу во името на Партијата на ромите за еманципација потполна поддршка на предлогот, со тоа што голема одговорност лежи на мандаторот и кај останатите членови како предлози, не ми е позната дејноста на одреден предлог од Тетово што е кандидатот, Собранието нека расправа за тоа, мислам дека денес треба да избереме Влада и да бараме извршување на она што бара народот, а народот бара стабилност мир, добра економија, Европа. Тоа за два дена сигурно нема да биде, но за 5-6 години сигурно ќе биде.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Невзат Халили.

НЕВЗАТ ХАЛИЛИ:

Почитуван претседател на Републиката, почитувано претседателство, дами и господа, жал ми е што на овој свечен миг на изборот на Владата одвреме навреме се фрла некоја искра врз меѓунационалните односи. Според мое лично убедување тоа се направи уште од една партија која мисли дека е во предизборна кампања. Гласови не се добиваат така со дискфалификација,

со навреди и со разни шпекулации итн. Мислма дека е крајно време да се отфрли практиката другите да ги предложат претставниците на албанците во разните структури. За тоа надлежни сме ние. Иако господин Илијас Сабриу е предложен како експерт, тој не е предложен од ПДП, меѓутоа, иако не е предложен од ПДП, ние како експерт го поддржуваме. Немојте да излегувате тука со разни скрипти и со чудни барања.

Второ, ако некому не му е јасно дека во Македонија живеат и албанците, тогаш еве нека не гледаат, ако живеам сега во овој момент. Имаме една забелешка, можеби тоа е од субјективен карактер, меѓутоа, ете се сомневам, иако не би требало во Владата која уште не е избрана за сомневање. Ако е тоа точно како што јас сум чул, за проф.д-р Димитар Димитров, дека е брачен другар на некоја пратеничка тука, тогаш јас имам сомневање дека тој не ангажира од некоја партиска линија, ќе ја врши таа чувствителна функција во Парламентот. Иако секоја индивидуа има право да се бира без оглед чиј брачен другар е, или чија брачна другарка е.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Неим Селмани.

НЕИМ СЕЛМАНИ :

Поштован претседателе, поштовано Претседателство и поштовани пратеници, дозволете и јас да кажам неколку збора во врска со денешната проблематика што е ставена на дневен ред. Мандаторот д-р Никола Кљусев, дописен член на МАНУ, навистина има тешка и одговорна задача, да ја оформи новата Влада на СРМ. Експозето што го поднесе мандаторот на новата Влада го ценам како една сеопфатна и конструктивна синтеза за активностите и задачите како и проблемите кои треба да се решаваат во иднина со цел да излеземе од оваа тешка општествена, економска, политичка, еколошка и секаква криза. Но, нека ми биде дозволено да ги истакнам и некои мои лични импресии што понатаму Владата треба да ги има предвид,. што навистина треба да се однесуваме веќе еднаш дека тука живееме со векови и ќе живееме со векови. Но, од една филозофка мисла често пати ми доаѓа една таква филозофија дека ние дури денеска сме паднале од некоја планета и дури денес сакаме да се запознаеме и да ги запознаеме некои проблеми што не тиштат сите, не само албанците, не само турците итн. Како една конструкција за новата Влада понатаму, мислам дека од еден треба новата влада треба да создава навистина реално-демократска атмосфера за разрешување на проблемите во меѓунационалните односи , затоа што тоа е неопходно, за времето во кое постоиме и живееме.

Второ, сметам дека до денес , лично сметам дека до денес никогаш не сме имале конкретни активности во врска со развојот и унапредувањето на земјоделството. Особено врз мобилитетот на селските населби во Македонија. Другарот Камбовски рече едно солидно прашање во врска со таа проблематика како да е географија, јас потполно го прифаќам. Особено е интересен ридско-планинскиот простор, кој постепено се ослободува од селските населби, така што се создава празни демографски оази, со тенденција и понатаму овој проблем да се продлабочува. За такви оази веќе имаме три поголеми оази. Јас

имав прилика во Кумановската општина да учествувам во еден проект и констатиравме дека од 36 селски населби во моментот пронајдовме само 161 дете односно младинец до 18 годишна возраст.

Тоа што значи. Тоа значи, навистина, една рурална катастрофа во тој простор. Исто така, еден проблем кој во иднина треба да му обрнеме поголемо внимание, а се однесува за образованието и здравствената заштита. Тие се доведени во незавидна положба. Од тие причина во наредниот период овие дејности треба да имаат посебен економски, односно општествен третман.

Следно прашање на кое сметам дека денес не беше спомнато од мандаторот, но веројатно и тоа влегува во општата, глобалната концепција. Станува збор за еколошката криза. Би се послужил со една изрека дека навистина Македонија се наоѓа во една потполна еколошка криза. Секој ден се бомбардирале од еколошките бомби во Македонија, особено од тие еколошки бомби кои се лоцирани во поголемите индустриски градови во Македонија. Да не зборуваме за примарните еколошки бомби што ги имаме внатре во рамките на самите градови.

На крај, имам едно лично мое прашање, но молам да не се сфати погрешно, затоа што јас како просветен работник сум заинтересиран и тоа е мое лично прашање за проф. д-р Нчкола Кљусев, дописен член на МАНУ за еден кандидат што е во списокот, јас го поддржувам, но немам јасни концепции дали навистина има огромни достигнувања во неговата афирмација во науката, образованието итн. Односно, врз основа на кои сознанија и аргументи го заснива својот предлог господинот Димитар Димитров, социолог да биде министер за образование и физичка култура. Сакам да ми бидат навестени само неколку наговестувања и заслуги на господинот Димитров за унапредувањето на образовно-воспитниот процес во Македонија. Сметам дека за изборот на министер за образование и физичка култура потребни се неколку претпоставки, а јас мислам дека тие претпоставки можам да ги заокружам во овие две три синтези.

Идниот министер потребно е да ги поминал сите образовни степени во сферата на образованието.

Да ги познава специфичностите на одделни образовни степени. Потребно е во својот работен век да поминал низ нив. Предложениот кандидат дали спаѓа во таквите кадри кои го познаваат образовно-воспитниот степен од најнискиот до највисокиот степен на образованието. Тоа е мое лично мислење. Најверојатно ќе се определам дали ќе гласам за новата власт.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:

Другарки и другари свесни сме дека настаните се одвиваат како на филмска лента. Ние само за една година имаме огромни промени во Републикава, во земјава, во Источна Европа. И најпрочуените институти во Америка, кои се занимаваат токму со тој реалсоцијализам, со Источна Европа не можеа да предвидат вака крупни промени што настанаа во овој дел на светот. Ние дефинитивно со еден свет веќе се опростивме, треба да оформиме нов свет во кој треба да живееме и поубаво и побогато и послободно и подемократски, но нов свет во кој што влегуваме со огромни проблеми во економијата за социјалната сфера во политиката. Од тие причини, а тие проблеми се така големи, така познати, овде повеќе пати сме зборувале за нив и јас не би сакал да ги повторувам. Од тие причини јас изразувам голема

благодарност на професорот Кљусев што имал храброст, веројатно и големо знаење да се прифати за ваква голема должност. Затоа ние да му дадеме и една голема доверба во тој поглед. Јас знам било да е тоа во стопанството, било да е во спортот, кога на некој му се даде доверба тој постигнува и резултати. Вие знаете во кошарката какви резултати постигнува само за тоа што се избраа луѓе само затоа што во тие луѓе изразивте една голема доверба. Вие знаете и во фудбалот какви резултати постигнавме. Јас сакам една асоцијација да направам меѓу оваа наша влада и таа фудбалска репрезентација. Ние го осудувавме Осим дека става стари играчи и дека воглавно ги става од Сараево. Сега му замеруваме на проф. Клусев дека доста штипјани става и дека постари играчи, исто така, во игра уфрлува, ама Осим освои петто место во светот. Јас би бил среќен и вие сите би биле среќни и сите граѓани на Македонија кога ние после 4 години од мандатот на оваа влада, ако не падне, бидеме на петто место во светот. Ние сите имаме свои состави, сите изнаоѓаме свои забелешки. Свои недостатоци, па и кога се составува репрезентација на Југославија сите бевме за тоа да игра Просинечки, Панчев или некој друг, па еве и јас денес имам исто така забелешка дека оваа влада нема доволно стопанственици. Се сеќавам добро на проф. Кљусев пред три месеци кога рече - јас сум за една влада која ќе биде спој меѓу стопанственици и наука. Сега има неколку примери и од стопанство, но таа е воглавно влада на институт. Но, ако професорот смета дека таа влада му одговара и дека ќе му ги врши задачите јас ја поддржувам таа влада. Ако тој состав му е одговара затоа што му е тој мандатор тоагаш треба ние на таа влада да и дадеме доверба а тој ги сноси последиците.

Предлагам многу да не ги образложувам тешкотиите во кои сме, какви се се проблемите за да не го заплашиме, па во меѓувреме да се повлече, дајте да гласаме.

ГОСПОДИН СТЕФАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани другари пратеници. Би сакал во свое име и во името на Народната партија на Македонија да го поддржам предлогот на мандаторот господин Кљусев за формирање на експертска, односно стручна влада. Еве од кои причини.

Да победеше на изборите Народната партија на Македонија сигурно голем дел од овие кандидати и самата би ги предложила како свои. Од друга страна економската и политичката ситуација во која се наоѓа Македонија е таква да секакви надмудрувања околу изборот на владата, или застапување на тесно партиски интереси може катастрофално да се одрази врз Македонија и врз македонскиот народ. Мораме да напоменеме дека евентуално новите избори би биле голем товар и на така ровкото македонско стопанство. Во случај владата да не биде избрана може лошо да се одрази и врз нашиот статус во преговорите за иднината на Југославија како заедница на суверени држави, да го намали нашиот углед и положба во преговорите.

Морам да кажам дека Народната партија на Македонија од оваа влада очекува многу.

Прво, да ја запре распродажбата на македонската земја.

Да го спречи неограниченото вселување во Македонија, во време кога нема доволно работа ни за нас, ни за нашите деца.

Да обезбеди мирен и сигурен живот на македонското население, на

целата територија на Социјалистичка Република Македонија, а посебно на Западна Македонија каде што правната држава треба да обезбеди сигурност на граѓаните, нашите деца слободно да одат на школо, никој да не ги малтретира, никој да не ги тепа.

Да води грижа за македонците кои живеат надвор од границите на Социјалистичка Република Македонија, а која грижа за овие 45 години беше тотално запоставена.

На националните малцинства да им се обезбедат права и обврски на ниво на високо цивилизираните земји, ништо повеќе, ништо помалку. Во случај во соседните земји на македонците да им се дадат поголеми права од овие што ги даваат цивилизираните земји и ние такви права да им дадеме на соодветните национални малцинства.

Очекуваме од новата влада да преземе мерки за побрз економски развој на СРМ, стимулирање на приватната сопственост, намалување на даноците, намалување на бирократскиот апарат и сл. Очекуваме од новата влада да обезбеди барем минимални услови за функционирање, за работа на партиите и тоа, оние кои се во парламентот и оние кои се вон парламентот, а кои постигнаа соодветен лигитимитет на изборите.

Со надеж дека барем дел од овие барања ќе бидат остварени од новата влада ги повикувам пратениците на македонскиот парламент да го поддржат предлогот на мандаторот.

ПАНЧЕ НАСЕВ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници ние се изјаснивме на една од нашите претходни седници за стручна влада. Не сакам да коментирам сега колку е оваа влада стручна или не, меѓутоа и оваа влада и некоја друга да беше избрана не може брзо да ги реши натрупаните проблеми во Македонија, било од национален карактер или од стопански карактер. Затоа предлагам на оваа влада да и дадеме поддршка, да имаме нужно стрпение, и да и дадеме шанса да создадат претпоставки за решавање на стопанските проблеми.

Господинот мандатор на идната македонска влада во своето експозе рече дека проблемите во стопанството се тешки. Јас би рекол дека се тие алармантно тешки, посебно во некои гранки од стопанството, како на пример текстилната индустрија. Затоа предлагам новата влада, за која мислам дека ќе ја избреме, а јас лично ќе гласам за неа мора под итно да изготви макро економска програма на Македонија која ќе коинцидира со сојузната, меѓутоа, со сите специфичности на македонското стопанство.

Второ, предлагам новоизбраната влада, новоизбраниот претседател и целата влада дојдат брзо во контакт со стопанствениците на Македонија кои се разочарани, а тоа преку мене го искажуваат, однеставањето на стопанските прашања и проблеми пред овој парламент.

Значи, разочарани се од работата на Парламентот. Предлагам претседателот, лично или со членови на својата идна влада под итно направи состанок со директорите на поголемите, па и помалите претпријатија и изворно да ги чуе сите проблеми што ги притискаат директорите на стопанството, бидејќи тие се доста разочарани од нерешавањето на проблемите и од нивната неможност лично да ги решат натрупаните проблеми.

АНТЕ ПОПОВСКИ:

Госпидине претседателе, господине претседателе на Републиката госпиди потпретседатели, јас знам дека е одминато времето повеќе отколку што треба денеска, но ќе се обидам да го изнесам мислењето на Движењето за семакедонска акција наспроти овој доста сериозен чин пред кој се наоѓа Парламентот на Македонија.

Денес тука би требало да се заокружи еден исклучителен значаен процес. Во тек на едвај една година ова македонско општество успеа да се ослободи од стегите на една тоталиристичка провинција и со изборот на владата ќе направи прва позначајна стапка во овој демократски простор. Не треба многу, според мене, да се настојува да се појаснува се. Допирот со непознатото од секогаш бил и најголем и најнеизвесен, па сосема е нормално според тоа да бидеме и загрижени и недоверчиви дури и испаничени. Судбината на овој народ и во овој час во многу што ќе зависи и од Владата која треба денес да биде избрана. Да се сочува психолошкиот мир, да се сочува спокојството во Македонија, да се направи се за да се напуштат одредени и панични и авантуристички идеи и решенија, да се искористи до максимум боречката енергија на секој поедчнец, на секој граѓанин на нашата суверена република според МААК е прва и неодложна задача во овој час, кој самите го обликуваме.

Морам да признаам дека не со голема љубов кон оваа изјава стојам дека сите предвидувања на МААК барем во политичката сфера до сега се остварија. Сега поради тоа дека сме во право кога тврдиме дека Македонија ќе има одлична иднина доколку се потпре сама на себе си. Тоа ќе рече дека ниту постои слобода без единство, ниту пак единство без слобода и дека и едното и другото е потребно, меѓутоа, најповеќе зависат од овој парламент овој час. Зависи, секако, и од македонскиот народ и во степенот во кој ќе биде изградувано тоа единство ќе зависи степенот на освоените слободи. Ние со децении живееме во услови на апсолутна резигнација и страв. И едното и другото се последица од еден вид идеологија на морални стандарди на елита која промовираше или беше заробена од таа идеологија. Сами влеговме во еден затоврен круг, во еден очај, природно се наложи тезата подобро ужасен крај отколку бескраен ужас. Исчезна на сметката, од нашите очи, нашиот поглед станува се побезнадежен, мораме да признаеме. Оние кои ги преживеа рововите на националната и социјалната револуција во најголем дел се преобразија во пацифисти. Во еден дел меѓу нив сеќавањата на годините поминати во рововите станаа нивни критериуми за воспоставување нава елита и нова доминација. Тоа е факт. Се воспостави на еден начин ред на една анонимна моќ и ред на самоуништување. Време на монструозни фалсификати, подземето газеше врз угледот, се уништија меѓусебните респектибилности. Ништо не е толку едноставно колку ништењето на личниот морал. Во време на оваа голема духовна сиромаштија, во време на голема социјална беда, па и потреси, во време на овие огромни фрустрации гледавме со очај и сеуште гледаме народите зад нас како излегуваа, пред нас и како се оддалечуваат од нас. Денес Вие ќе ја изберете првата влада во плуоралистички услови. Според МААК таа не е надпартиска, ниту тоа може во овие услови да биде. Можеби треба да се бара еден поприфатлив термин. Ние цениме дека е меѓупартчска влада.

Таа влада знае дека Македонија денес е на последното социјално и

стопанско скалило на Европа. Таа влада знае дека Македонија денес се наоѓа пред една драматична социјална експлозија. Неизвесна е судбината на десетица илјади работници и интелектуалци. Загрозен македонскиот економски суверенитет, парализирана развојната иницијатива. На стотици илјади македонски тутунари и земјоделци во влакно не им е судбината поинаква и во социјална смисла од судбината на работниците.

Доколку постои веќе единство во Македонија во овој час, тоа е единството на социјалната беда и неизвесноста. Тоа заплашува со драматични социјални немири. И доколку овој парламент и оваа Влада го гледаат сето тоа ќе мораат во овој час, не утре, уште помалку задутре да повлечат потези со кои ќе се напушти позицијата на едно бесконечно дијагностицирање на оваа состојба и веднаш да се фрлат во разрешувањето на социјалната состојба на Македонија. Владата знае какво наследство и е оставено, оттука таа нема да има право постојано да се повикува на она што ни следува, бидејќи тоа ќе води кон еден нов очај кон нови одлагања на разрешниците. Тоа ќе рече дека е час кога сите, целиот македонски народ мора да се излезе од пределот на историографските емоции, и да влезе во предел на потта, во предел на преобразбата на овој ваков живот.

МААК во принцип се залага за Влада на офанзивна политика, во сите подрачја, да не преповторувам, проблемот на идната реприватизација со воспоставување на сите институции на пазарот. МААК е за Влада која ќе формира центри на профитабилни програми кои ќе привлечат странски капитал, а не Македонија да се престави во земја која ќе проси милостиња. МААК не се сомнева дека оваа  Влада ќе има сили да се зафати со предизвикот што го понуди. МААК исто така смета дека  Македонија ги има и сите историски предуслови  и обврски да стане овој час духовен центар за разрешување на југо-кризата. МААК укажуваше дека разврските на југословенските состојби лежат во Македонија. Но денес и тука не е место за ваква анализа. Едно е сигурно дека македонските иницијативи за разрешувањето на оваа криза денеска претставуваат голем и морален историски придонес над Македонија во демократските текови на Југославија и пошироко. Оттука МААК му предлага на мандаторот на новата македонска Влада еден од слободните ресори да биде задолжен како Минстерство за разрешување и ревитализација на Западна Македонија, односно за правно разрешување на бројните аспекти на заострените меѓунационални односи во Македонија. Гласањето, за новата Македонска влада не ги изумува, се разбира, драматичните состојби во образованието, во здравството, во науката, во творештвото, тоа се области во кои најсилно се одразени вкупните состојби на нашата социјална беда. Она што денес се случува во овој домен на животот, сигурно е дека ќе остави последици кои со децении не ќе можат да се отстранат и ќе не фрлат на маргините на прогресот и натаму. Станува збор, значи, за состојби кои се очајни. Само радикален рез, а не компромиси ќе можат барем делумно да ги направат поподносливи состојбите во духовната свера. Ниту ова Собрание, се разбира ниту новата Влада, тоа ќе можат да го направат сами. Се уште не е извршена конечна артикулација на политичкото миље во Македонија изразено низ определувањето на граѓаните на една, друга, или трета партија. Оттука Владата ќе мора да одигра улога на еден координатор кој треба да изврши стручна селекција од програмите на политичките партии. Ние во тоа не се сомневаме дека ќе биде направено, особено кога ги имаме пред себе си личноста и нивото на нејзиниот иден

претседател. Таа улога е мошне значајна, а според МААК и единствена како основа на едно демократско владеење. Социјалната стихија и нашата балканска инертност ќе мораат да им отстапат место на сите реформи и стопански духови. Гласањето за доверба на Владата на господин Кљусев значи и брана за оние сили во Југославија и Балканот кои се заинтересирани за една бесконечна кризна состојба во Македонија, а со цел да ги остварат сопствените апетити кон македонската суверена држава. Тоа е барем јасно. Но, сакам да го искористам овој повод да кажам и следново: Македонија е пред одреден историски модел на Европскиот продор на Балкацот од една страна, и од друга Македонија е пред одреден историски модел за продор на духовното освежување на Европа. Со ова нема да се согласат само оној вид таканаречени космополити кои го изгубиле своето национално чувство и промовираат заблуди дека Европа е ослободена од националното чувство. Тоа е нов облик на тоталитаризам кој под маската на космополитизмот гледа човечко обезличување и духовен студ. Изготвувањето на една национална програма која треба да биде предуслов на почетокот на razврската на сите кризни состојби е задача со која Владата ќе се здобие со сенародна доверба и помош. Македонија е предодредена за бесцаринска и демилитаризирана зона, МААК тоа категорично го застапува и ќе го брани, но тоа се разбира, е процес на ориентација и одлука. Балканот ги има сите услови, точно и суверена Македонија да ја гледа шансата на својата европизација и е повеќе од веројатно дека идната интернационализација на нашето прашање, активно, посилно, похрабро, понаучно, ќе обезбеди земјите на Балканот да се соочат со фактот на својот ригиден и антимакедонски поглед кон Македонија.

Ова беше од прилика мојата задача денеска, замолен се разбира, од движењето што тука денеска го претставувам. Уверен е МААК дека Балканот ќе ги отвори своите граници денес или утре, зашто е тоа историска нужност, но сметаме дека изборот на нашата Влада ќе мора да значи и придонес за балканските топови да не ги вртат своите цевки кон братоубиствени војни, туку за да тврдините кој стојат за да таквите антиисториски заблуди и цели кон Македонија. Македонија денес не е сама, зад Македонија е цела Европа, едностазно поради фактот што само со интегрална и суверена Македонија можеме да одиме во Европа.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Дами и господа пратеници, господине претседателе, ние денеска овдека се состануваме и посебна чест е што во еден плуралистички Парламент добиваме една Влада, тоа се надевам дека ќе биде валидна од национален, стопански и културен аспект. Меѓутоа, сакале и несакале да признаеме основа на развитокот на република Македонија е земјоделството, бидејќи од него произлегуваат и другите пратечки гранки од областа на индустријата и тн.. Јас сметам можеби проф.Кљусев како глобално не би рекол дека е тоа експозе, дека тоа е програм на неговата Влада, меѓутоа, конкретно околу земјодлеството и насоките како сточарството не се виде, не се чу и затоа го сметам како бланко доверба, со полн респект и почит према неговата личност. Мислам дека еднаш треба да се застане на патот на одлевање на доходот по разни механизми, вештачки створени со договорната економија од неразвиените во развиените. Ние некојпат знаеме доста популистички да се однесуваме, да тврдиме дека нашиот доход од нашата Република преоѓа од

ова во она, меѓутоа, треба конкретните пунктови на одлевање на доходот и конкретните ситуации да се елаборираат и како такви да се презентираат, односно да се преземаат мерки во иднина тоа да се спречува. Јас сепак би рекол дека излагањето на господин Кљусев е декларативно, а не како програма, бидејќи ако беше како програма ќе беше во некои области многу поконкретно. Со каква инфузија мисли мандаторот да го оживува стопанството и тоа по гранки, во таа смисла мора да се најдат механизми за оживување. На пример мораме да кажеме дека македонското стопанство е под удар на монополите, јас тоа конкретно би го кажал. Репроматеријалите денеска се до таа мерка скапи што го надминуваат вкупното чинење на нашиот артикл во Македонија, а нема ништо попатриотско ако сакате да знаете, ако тоа се запре, бидејќи монополите и понатаму царуваат, нивната неуспешна работа и прилагоденост кон пазарното стопанство го плаќа земјоделецот индивидуалец, а не како што претходниот дискутант рече дека треба да ги повика само фиректорите на големите фирми. Па со нив да се договори каков стопански развиток. Па директорите и до сега беа моќни и сега се моќни, со новиот закон, но работата не оди. Владата рече дека ќе даде некаква контрола за судовите. На теренот ние имаме доста реагирања од граѓаните дека судскта ефикасност е мошне слаба. Стручно и предмети се водат со години и застаруваат и тн. Меѓутоа, од мандаторот не чув со какви механизми стручноста на судовите да се контролира, односно судиите и нивните субјективизми во судовите да се отстрануваат.

Во однос на даночната политика исто така имам забелешки затоа што критериуми за формирање на данокот од мандаторот не чувме. Се надевам дека мандаторот во идното експозе. Сметам дека во идното експозе ќе каже за тоа. Сметам дека околу даночната политика ќе треба многу повеќе да се елаборира, бидејќи даночната политика е клучна и за надворешните инвестиции, доколку се појави интерес во Македонија. Во овој момент некој голем интерес нема. Меѓутоа, формирање на данокот мора да биде јасен. Данокот мора да биде формиран исклучиво на профит, а не како досега на бруто. Потоа, не го видовме планот за отстранување на парадржавниот апарат и секакви институции кои досега живуркаа и толку многу напаѓаните СИЗ-ови за кој сите партии се колневме во предизборната кампања, а сега молчиме и тн, а сетоа тоа го плаќа порескиот обврзник што припаѓам и јас таму. И луѓето кои работат од 6-7 часот, а некои работат до 2 часот и тоа дебело го плаќаат. Како мисли Владата да се свика состанокот со директорите мислам дека треба да се оди во некои села, да се седне со луѓето, поготово како што некој рече во руралните подрачја, па да се испитаат сите можности. Трансферот на земјоделската технологија и нејзината примена на нашето тло овдека исто така стручно треба доста добро да се елаборира, но онаа која дава продукти.

Што се однесува до многу фалениот проект од наша страна, помпезно најавуван околу долината на реката Вардар за тоа сепак треба по наше согледување да се размисли, прво, за каков проект ино-партнерот вели и да не биде тој проект еднонаменски во смисла да се обезбедува вода до одредено ниво, постојано а ако има вишок, да се наводнува. Првенствено тој да биде за наводнување, бидејќи Македонија е жедна без системи и големи регациони системи и каскадни брани за наводнување на реката Вардар, Македонија нема перспектива.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господа, припаѓам на Партијата на ВМРО-ДПМНЕ, нема да им давам сугестии и концепти на господата министри. Основно сакам да изнесам дека господата министри работат и ќе бидат избрани во време кога ќе размислуваат со сопствените глави. Тоа треба да го имаат предвид дека нема повеќе да примаат сугестии од СК на СКМ, ниту сугестии од ЦК СКЈ. Оваа Влада што ја бираме тука денеска ние не треба да бидеме скептици како господинот Гошев од причини дека према она што имав прилика да го прочитам во нивните биографии сите се високо-стручни кадри, а плус е тоа што тие понатаму ќе рармислуваат со сопствените глави, нема никому да му даваат отчет, од тие причини што ги кажав пред малку. Ние можеме да видиме дека господинот Кљусев се прифати кога режимската власт го стави во пензија, а во него има уште какви резерви, способности и она што го напрви Кљусев е за поздравување во оваа денешна ситуација во која што се наоѓа нашата македонска држава. Сакам истовремено на господата министри да им кажам дека ќе гласам "за".

ЕШРЕФ АЛИУ:

Почитуван претседателе на Републиката, почитувано претседателство на Парламентот, почитувани гости, почитуван мандаторе и почитувани пратеници. Признавам дека предвидов во друга позиција малку повеќе и јас денеска да зборувам од оваа говорница. Се откажав од тоа убеден дека покорисно ќе биде вака како постапувам. Излегов повеќе побуден од една желба за еден апел, можеби последен од мојата страна, да ги замолам почитуваните господа пратеници, ако прифаќаат другари, колеги, малку да водат повеќе сметка кон јавниот кажан збор на оваа говорница. Очито ни е јасно дека некој позиции од кои истапуваат пратениците тука најмалку ни се потребни во овој Парламент. Такви истапувања, такви дисквалификации не враќаат несакано на темното враќање на инквизицијата. Кога линчувачот ги чита последните обвинувања на човекот пред бесилка. Јас тргнувајќи од почитта кон мандаторот не сум во состојба ни најмалку да поверувам на таквите тешки клевети изнесени тука во позиција на вербално изнесување со обид тоа да се дејствува убедливо со едно однапред земање на право за една подруга вистина. И излегов токму за ова и да изразам еднаш благодарност на мандаторот, да го изразам моето мислење веќе повторено и од друг дискутант дека и јас сум убеден во овој миг било невозможно сосема над партиска влада. Обидите, тоа е свршената работа која ни ја нуди преку листата господинот мандатор, мислам дека ја задоволува барам она основното, докажаната доверба. Ценам дека иако оваа Влада сепак можела во името на тој ноцион постручна, поекспертна можело и во некои ресори за скала да се најдат личности постручни и поекспертни. Но, сепак мислам дека ако се земаат предвид околностите во кој господинот Кљусев прифати да биде мандатот иако ги анализираме пореално можностите на Македонија во сегашниот миг да му ја олесни таа задача, тогаш треба да сме задоволни од тој предлог.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако нема расправа ја предлагам следната поставка.

Предлагам сега да прекинеме и појдеме на пауза до 14 часот, меѓутоа, ве молам, дали треба, нека ми каже мандаторот, да му дадеме можност да си направи преглед на расправата во врска со неговото експозе и во врска со составот на Владата потоа да му дадеме можност да земе збор овде и да ги каже своите впечатоци и заклучоци, а потоа да не одиме во нова расправа, туку да одиме на гласање.

Дали се согласуваме со ваква постапка?

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Овде беше поставено конкретно прашање до мандаторот во врска со евентуална промена на составот на Владата, а не беше одговорено на тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Реков, мандаторот се што му е поставено овде и како прашање и како предлог и како иницијатива ќе си каже после.

Дали господин Кљусев е потребен еден час или половина час.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Доволно е половина час.

(Седницата прекина со работа во 13,05 часот, а продолжи со работа во 13,40 часот.

(По паузата)

Ги молам пратениците да си ги заземат местата.

Да продолжиме по договорот.

Сега треба да го слушнеме мандаторот проф. господин Никола Кљусев.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Имав пријатно задоволство од многу пратеници кои настапија да ја искажат довербата на предложената листа, да дадат морална поддршка, се надевам дека тоа дава и надеж и благ оптимизам пред сите тешкотии пред кои се наоѓаме.

Она што е валидно, што би сакал да го кажам во овој момент, тоа е дека критичкиот дух на пратениците да дадат нови идеи, нови сугестии за визијата на програмата со која ќе биде преокупирана новата Влада, верувајте дека тие ваши сугестии и идеи така топило и здушно ги носиме во нашите глави и јас и моите соработници.

Во размената на мислењата со нив сите тие ги истакнуваа сите проблеми кои ќе не притискаат, кои нужно во овој актуелен момент ќе добијат свој приоритет. Тоа од своја страна зазвучува на блискост помеѓу вашето размислување и нашата интима.

Моето видување кое ви го соопштив тоа е само една скицирана визија на идната програма која ќе биде, во еден разумен рок, доставена до овој Парламент. Верувајте дека низа аспекти кои ги изнесовте вие заслужуваат

полно внимание, ќе се вткаат во таа програма и проблемите на нашето земјоделие и нашето село и проблемите со кои се судираат стопанствениците и сите оние аспекти кои ги укажувавте пооделно. Сето тоа зборува дека во набележаните видувања кои ви ги соопштив и од аспект на развојниот комплекс, а посебно од аспект на излезот и санирање на состојбите, а од друга страна и изградувањето на новиот стопански и политичко-правен систем и со него поврзаните сегменти со нужна научна скрупула ќе бидат предмет на истражување и кога ќе дојдеме до убедување дека секоја мерка, секој инструмент и механизам на системот ќе може благотворно да делува во интерес на македонската држава, верувајте ќе биде вткаен во новата програма.

Се слушнаа и одредени дисонантни тонови за некои од предложените кандидати. Има една вистина, а тоа е сите членови на Владата ќе бидат пред големо искушение, тоа е само шанса да се докажеме. Ако отстапат од строгиот критериум кој сум го прифатил, дозволете вие ќе бидете свидетели дека ќе им се откаже гостопримството од Владата на секој оној кој нема да се докаже, кој има и било какви сенки кои би можеле да бидат пречка за однос и соработка во Владата.

Сето тоа укажува ние како тим сме пред крупните дилеми во разрешувањето на сложените проблеми пред кои се судираме. Тоа е воедно испит за нас, голем предизвик, како што го нареков, на промени.

Од консултациите што ги имав со потенцијалните кандидати за членови на Владата од никого не слушнав пристрасности, екстремности ниту од аспект на стручноста ниту од аспект на меѓунационалните односи. Тоа е една екипа на толеранција, екипа која знае да мисли со својата глава и која не трпела и нема да трпи директиви од било која политичка догма и кујна, па спрема тоа верувате никакви комитети не можат да бидат креатори да ни убризгуваат со својата пресија поинакви видувања одошто се видувањата кај самите нас кои се одлучивме да ја прифатиме оваа голема обврска и да го напуштиме својот мир и спокојство на стопанственици и научни работници.

Исто така би сакал да кажам дека ние сме прифатиле една основна цивилизациска премиса не да создаваме меѓунационален раздор афирмативно во нашиот политички, стопански и правен систем да го заштитиме граѓанинот, човекот.

Меѓунационалните односи што се однесува до Владата, ќе бидат темелно истражувани, ќе бидат темелно почитувани. Патем да речам ние нема да дозволиме полигон на кавги на раздори, ние сме синови и ќерки на ова поднебје и мора да го сочуваме духот на топлина, соработка и блискост. Нема да дозволиме никој да ни импутира раздор и меѓунационални кавги.

Во таа смисла, бидејќи се заморивме веќе три часа од дискусии, верувајте дека луѓето кои ја преземаат оваа обврска влегуваат во тешки обврски и искушенија. Не случајно, а и сега повторувам од сите вас бараме мир за да можеме сталожено, научно аргументирано со факти да се бориме во разрешувањето на страшниот кризен хаос во кој се најде Македонија и уште повеќе опкружена од грозните апетити на нашите комшии од сите страни. Ние имаме само една надеж да опстоиме балканската ветрометина и да го заштитиме веќе прифатениот суверенитет на македонската држава, да ги изградиме регулативните механизми и да станеме борци и втемелувачи и визионери за идните влади кои од своја страна ќе ги продолжат оние појдовни премиси кои сакаме денеска како Влада да ги втемелиме.

Благодарам.

(Дискусијата беше проследена со аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:

Му благодарам на господин Кљусев.

Бидејќи сега минуваме на гласање ќе ви ја прочитам постапката.

Изборот на Владата на Социјалистичка Република Македонија се врши според постапка утврдена во Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија и Привремениот деловник на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Собранието ја избира Владата со мнозинство гласови на сите пратеници со јавно гласање.

Гласањето за избор на Владата се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Сакам на сите пратеници да им обрнам внимание за одговорноста која ја имаме денес и за онаа решеност со која фактички треба да влеземе во еден период со прва Влада избрана во повеќепартискиот Парламент.

Ги молам сите да гласаат.

Предложениот состав на Владата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Молам, дали има некој против? (17).

Дали некој се воздржува од гласање? (3).

Во салата се присутни 115 пратеници, само двајца се на разговор со една делегација од “Газела".

За Владата гласаа 83 пратеници. (Аплауз).

Против гласаа 17.

Воздржани 3.

Констатирам врз основа на резултатите од гласањето објавувам дека за претседател на Владата на Социјалистичка Република Македонија е избран проф. д-р Никола Кљусев. (Аплауз).

За потпретседатели на Владата на Социјалистичка Република Македонија се избрани д-р Блаже Ристовски, Јован Андонов и д-р Беќр Жута. (Аплауз).

За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани: д-р Ристо Дамјановски, за министер кој ќе раководи со Министерството за народна одбрана.

Јордан Мијалков, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи.

М-р Ѓорѓи Наумов, за министер кој ќе раководи со Министерството за правосудство и управа.

Д-р Денко Малевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за односчисо странство.

М-р Методија Тошевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии.

Стојан Трајановски, за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство.

Д-р Гоце Петрески, за министер кој ќе раководи со Министерството за развој.

Д-р Александар Лепавцев, за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

Д-р Иван Ангелов, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Илијаз Сабриу, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика.

Д-р Димитар Димитров, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура.

Акад. д-р Ѓорѓи Ефремов, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука.

Д-р Цветан Грозданов, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура.

Д-р Перко Колевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство и

Мартин Треневски, за министер кој ќе раководи со Министерството за информации.

За други членови на Владата односно министри се избрани: д-р Јане Миљовски, Илија Андонов-Ченто, д-р Љубомир Фрчковски, м-р Тоска Алајдин.

Ги молам претседателот и потпретседателите на Владата, министрите кои ќе раководат со министерствата и другите членови на Владата да дадат свечена изјава.

Ве молам, да станеме.

(Станува претседателот и сите пратеници).

Текстот на свечената изјава гласи:

"Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија".

Ги молам претседателот и потпретседателите на Владата, министрите кои ќе раководат со министерствата и другите членови на Владата да го потпишат текстот на свечената изјава.

(Сите ја потпчшуваат свечената изјава).

(Потпишувањето на свечената изјава беше пропратено со бурен аплауз).

Пред да преминеме на втората точка од дневниот ред, дозволете ми во името на сите пратеници да му го честитам изборот за претседател на Владата на проф. д-р Никола Кљусев, на потпретседателите на Владата, на министрите кои ќе раководат со министерствата и на другите министри да им посакам успешна работа и соработка со Парламентот и да го изразам нашето големо очекување тие наскоро веднаш уште од денес да се прифатат со тешките задачи кои ги наследуваат сега.

Истовремено дозволете ми да им заблагодариме на претседателот на Извршниот совет господин Глигорие Гоговски, на потпретседателите на Извршниот совет и на членовите што раководеа со ресореи и другите членови на Извршниот совет за нивните залагања и соработката што ја покажаа со овој Парламент и да им посакаме успех во работата на нивните идни работни места.

(Аплауз).

Минуваме на втората точка од дневниот ред - Именување командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита.

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот го ставам на гласање.
Кој е за предлогот молам да крене рака (91).
Дали има некој против? (7)
Дали некој се воздржува од гласањето (1)
Констатирам дека за предлогот гласале 91 пратеник, против гласале 7, а еден воздржан.
Констатирам за командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита со мнозинство гласови е именуван Јован Андонов. (Аплауз).
Бидејќи дневниот ред за денешната седница е исцрпен, ја заклучувам Десеттата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Благодарам.
(Седницата заврши со работа во 14,05 часот).